# Големи вистини од посланието до Римјаните

Текст: Paul Reid

Илустрирано на: Tim Shirey

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

European CEF®
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 1993 European Child Evangelism Fellowship®
Сите права се задржани. Употребено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба. За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## Вовед

Децата и девојчињата треба да се поучуваат од наративата на Библијата. Сепак, децата треба и да се поучуваат во прекрасните вистини кои Бог ни ги дал во новозаветните посланија. Следните лекции се обид со едноставна терминологија да се објаснат неколку важни доктрини кои апостол Павле ги запишал во посланието до Римјаните.

Овие лекции можат да се користат на секакви детски собирања, особено со **постарите деца**. Пожелно е да се поучуваат во период од 6 недели, иако е можно некои од лекциите да се поделат на два дела, ако сметате дека има премногу материјал за една лекција. На крајот на упатството има една куса драма на тема оправдување; таа може да се искористи на крајот на серијата и да се одигра пред родителите-како програм за седмиот ден.

На почетокот на секоја лекција има предлог за одредени активности. Овие идеи се особено корисни ако лекциите се користат за време на летни кампови, тинејџерски групи, а и за време на неделното училиште, ако имате доволно време за да ги вклучите децата. Основен став на поучувањето е дека учениците учат повеќе со **правење**, отколку само со слушање или гледање.

Не се ни обидов да го поучувам целото послание до Римјаните; тоа би било невозможно во 6 куси лекции. Направен е избор на некои од важните теми со кои Павле се занимава во ова послание, дадени во истиот редослед како и развојот на неговото учење.

| | |
|---|---|
| Осудата | 1 ,2 и 3 глава |
| Оправдувањето | 4 и 5 глава |
| Осветување преку службата на Светиот Дух | 7 и 8 глава |
| Изборот | 9,10 и 11 глава |
| Христовото Тело (Црквата) | 12 глава |
| Христијанското служење | 13,14 и 15 глава |

На крајот на секоја лекција ги вклучивме клучните стихови кои се цитирани во самата неа. Добро би било да се направат фотокопии од таа страница и да им се дадат на децат, за и тие да можат да го следат учењето на Писмото.

Првите две лекции се повеќе евангелизаторски, а последните четири се повеќе поуки за спасени деца. Меѓутоа, дури и лекциите како последната, за христијанското служење, може да се поучува на начин да биде од полза и за неспасените деца- да им помогне да разберат дека не можат да му служат на Христос ако не поверуваат во Него како во Спасител. Кога доаѓаат кај Христос, нема само промена во нивниот став во Божјите очи,туку и промена во нивното однесување кон другите. Добро е да знаат што се случува кога ќе поверуваат во Христос.

Бидете секогаш внимателни кон духовните потреби на неспасените деца во класот. Тие треба секогаш да знаат дека вие, учителот (учителката), сте подготвени да им помогнете и ги советувате ако сакаат да дознаат повеќе за Бог.

Во последната лекција на оваа серија, кога главните поуки се за христијаните, можете да вклучите куса презентација на евангелието во некој друг дел на програмата. На пример, може да дадете една куса лекција со предмет- книгата без зборови, или пак да испеете неколку песни со евангелска порака. Ако нпр. ја пеете песната "Исус децата ги сака", би можеле да кажете нешто вака:

"Во овој клас има момчиња и девојчиња кои сеуште не поверувале во Христос како во нивен Спасител, како што пеевме во песната. Не поверувале во Него за тој да им ги земе гревовите и да им даде вечен живот. Можеби досега не сте побарале од Исус да ве спаси. дали ве мачат вашите гревови и сакате ли да бидете спасени? Можеби не сте сигурни како можете да го направите тоа. Јас сум секогаш подготвен (подготвена) да ви помогнам колку што можам. денес, после часот, кога другите ќе си заминат, можете да останете таму каде што седите; ќе ми биде драго лично да ви кажам како можете да ја ставите својата доверба во Господ Исус, како во ваш Спасител уште денес."

Мојата молитва е овие лекции да ви помогнат да им го претставите на децата "...евангелието Божје, за неговиот Син Исус Христос нашиот Господ" за децата да можат да се спасат и да се зацврстат во нивната вера (Римјаните 1:1, 3, 11 и 16).

Паул Рид
Директор на ЦЕФ за Шпанија

# Прва лекција

# Судијата вели: "Виновен"

**Библијски текстови:** Оваа лекција го сумира учењето на Римјаните 1-3. Добро би било учителот (учителката) да ги прочита сите три глави, особено текстот 3:9-26, кој, всушност е главниот заклучок.

**Централна вистина** (ЦВ): Пред Бог, сезнајниот, праведен судија, ние сме виновни грешници.

**Примена за неспасените деца** (ЦВН): Одврати се од гревот и прифати го простувањето кое ти го дава Бог.

**Примена за спасените деца** (ЦВС): Понуди им го Евангелието на оние кои се осудени.

**Стих за напамет:** "Според моето благовестие, Бог преку Исуса Христа ќе ги суди тајните на луѓето" (Римјаните 2,16) (ако се децата помали, поучувајте само : Бог ќе ги суди тајните на луѓето).

**Преглед на лекцијата:**

| | |
|---|---|
| Вовед: | задоволството од добра книга. |
| Слика 1-1: | "Римјаните" е специјална книга. бидејќи беше напишана под Божја инспирација. |
| Слика 1-2: | Што се случува на суд? Бог е праведниот Судија на луѓето. |
| Слика 1-3: | Бог изјавува дека оние кои не го примиле Неговиот пишан Збор се сепак виновни, бидејќи не го препознале и го прославиле Него како Создател на светот. ЦВС |
| Слика 1-4: | И Евреите, исто така, се виновни, бидејќи не му беа послушни на Божјото Слово што им беше дадено. ЦВС |
| Слика 1-5: | Сите се виновни пред Бог. |
| Слика 1-6: | Двајца браќа кои одат по различни патишта. |
| Слика 1-7: | Судијата го осудува својот сопствен брат, го прогласува виновен за злосторство, но самиот ја плаќа казната. |
| Слика 1-8: | Бог нè прогласува за виновни, но преку Христос самиот ја плаќа казната. ЦВН |

**Соодветни активности:**

**Драма:** на крајот на овој прирачник е дадена драма што децата можат да ја одиграат откако ќе се завршат сите шест лекции. Првата недела направете фотокопии на текстот и разделете ги улогите за 1,2 и 3 сцена. Ќе ви бидат потребни наратор, Кевин, Џек, Г-дин Тод, првиот полицаец, вториот полицаец, г-ѓа Стјуарт, судски секретар. Поделете ги улогите според способностите на децата- подолгите улоги на оние кои ќе можат да ги запомнат, покусите - за помалите (или посрамежливите) деца. (Имајте на ум дека во следните сцени ќе ви бидат потребни девојчиња). Прочитајте го текстот заедно со учесниците. Охрабрете ги децата да почнат да ги учат своите улоги. Секоја недела можете да препрочитувате и да пробате. Додека го правите тоа, се разбира, вие децата ги поучувате на големата доктрина за оправдување.

**Квиз за повторување:** го имате на крајот на секоја лекција и можете да го искористите на крајот на лекцијата, или следната седмица. Тој е во форма на крстозбор. Нацртајте го крстозборот на табла, или пак на парче картон со димензии 50 x 70 цм. Кога детето ќе одговори точно на поставеното прашање, има право да го впише одговорот. Друга можност ви е да го фотокопирате крстозборот и секое дете да го работи само за себе, или пак децата да работат во парови.

**Вовед**

Се надевам дека сакате да читате. Сакате ли? Зарем не е прекрасно кога некој ќе ви даде нова книга, можеби за роденден. И додека ги прелистувате страниците можете да видите дека се работи за возбудлива авантура. Одвај чекате да се свиткате во некоја фотелја и да се задлабочите во авантурата! Денес во текот на нашиот час ќе започнеме со една прекрасна книга од Библијата. Се вика "Послание до Римјаните".

**Слика 1-1**

Се прашувам, знае ли некој да ми каже кој е нејзиниот писател? Размислете добро, зашто, всушност, има два точни одговори. Да, апостол Павле ја напиша неколку години по смртта на Господ Исус, откако Тој воскресна и се вознесе на небото. Веројатно е напишана околу 57 год. н.е. Целосниот наслов на книгата е "Послание на Павле до Римјаните". Зборот "послание" едноставно значи "писмо" и Павле го напиша до христијаните во Рим. Ова писмо е веројатно напишано од Коринт, за време на неговата последна посета таму.

Но, откаде знаеше што да напише во писмото? Прекрасниот одговор на тоа прашање е дека самиот Бог го водеше преку Неговиот Свет Дух, така што сè што е напишано е совршено точно; нема никакви грешки. И она што Павле го напиша на свитокот беше точно тоа што Бог сакаше да им го каже на христијаните во Рим, а и нам денес. Сите писатели на библиските книги пишуваа на овој начин, совршено водени од Бог. Ние велиме дека беа "инспирирани од Бог"( 2 Тим.3:16; 2 Пет.1:21). Затоа Библијата ја нарекуваме 'Божје Слово". Сите други книги се напишани од луѓе. Библијата е единствена книга чиј автор е самиот Бог. Затоа, од една страна, Римјаните беше напишано од Павле; но на еден прекрасен начин, беше напишано и од самиот Бог. Што сака Бог да ни каже со оваа книга? Тоа ќе го откриеме денес и во следните неколку состаноци.

**Слика 1-2**

Во првите три глави на ова писмо до христијаните во Рим, Павле, воден од Светиот Дух, објаснува дека постои една голема судница. Се прашувам, дали некогаш сте гледале некој програм на телевизија, или сте читале за некој кој бил на суд, обвинет за злосторство? Сигурен сум дека сте. Од едната страна стои личноста која е обвинета за кражба, или можеби за напад над некого и негово ограбување. Неколку други луѓе се исто така доведени во судницата, за да

кажат што виделе, или што знаат: тие луѓе се нарекуваат сведоци. Можеби некои од нив лично го виделе обвинетиот како го извршува злосторството. Таму е уште и адвокатот кој се обидува да докаже дека обвинетиот не го извршил злосторството. Таму е и судијата, кој треба да реши дали обвинетиот е виновен за злосторството, или пак е невин.

Судиите вообичаено се чесни луѓе, кои донесуваат мудри одлуки, откако ќе ги слушнат и видат сите докази и откако се дискутирало за нив. Но повремено, тие можат да згрешат и се случува виновниот да се провлече без казна, а некогаш дури и ќе осудат некој невин, мислејќи дека тој е виновен за тој страшен злостор. Судиите се луѓе и не секогаш можат да разберат што точно се случило. Има некои земји, каде што судиите се сурови и нечесни, па намерно ги казнуваат невините луѓе, бидејќи некој тајно ги подмитил за да го направат тоа.

Павле во Римјаните објаснува дека постои суд многу поважен од оние што ги гледате на ТВ, или за кои читате во весниците. Знаете ли кој е Судијата? Самиот Бог. А која е таа личност што стои пред Него, за да ја чуе Неговата пресуда? Секој од нас-секој човек на овој свет - стои пред Бог.

Меѓутоа, Бог не е како луѓето судии, кои не секогаш ги знаат фактите. Бог знае апсолутно сѐ што ти и јас сме направиле. Нема ништо што можеш да сокриеш од Него. Понекогаш може да ги сокриеш своите погрешки од твоите наставници, или од родителите, но Бог може да гледа дури и во дното на твоето срце. Библијата вели (Учителе, нека некое од децата го прочита Римјаните 2:16): "Бог преку Исуса Христа ќе ги суди тајните на луѓето". Ова значи дека Бог ќе ги испита делата на секој човек кој било кога живеел на оваа земја. Дури и твоите најтајни дела ќе бидат испитани. Исус Христос ќе го има авторитетот да ги осуди сите кои се виновни. Бог е совршено праведен и не може да згреши. И кога ќе застанеме пред Него и ја чуеме Неговата одлука за нас, ти и јас може да бидеме сигурни дека пресудата секогаш ќе биде праведна.

**Слика 1-3**

Да си замислиме некои луѓе кои живеат далеку одовде, во далечна земја - да речеме во џунглите на Јужна Америка. Тие никогаш не чуле за Библијата; можеби никогаш не чуле за единствениот вистински Бог; никогаш не биле в црква. Да се запрашаме себе си:

Дали се добри луѓе?
Дали се по волјата Божја?
Дали се подготвени за да отидат на небото?
Дали се невини или грешници?

Ако се распрашате наоколу, мнозина ќе ви речат: "Се разбира дека се невини. Тие се трудат да живеат најдобро што можат. Бог сигурно не очекува да живеат подобро отколку што живеат."

Да слушнеме што вели Бог, Оној Кој е Судијата што не греши никогаш (Учителе, нека некое од децата го прочита Римјаните 1,20): "Тие немаат изговор". Дали е тоа можно? Да, а Павле објаснува зошто се тие виновни.

Бог е Создателот на сѐ: ѕвездите, морето, небото, планините, дрвјата, цвеќињата. Кога ќе погледнеме на чудесата во овој голем свет, Бог ни зборува како да ни вели: "Види, ти не можеш да ме видиш мене, нели? Но можеш да ги видиш сите прекрасни нешта што сум ги направил. Кога гледаш на нив, можеш да сватиш дека Јас сум велик и моќен Бог. И иако сум невидлив ( не можеш да ме видиш), можеш да ме прославиш ( да ја признаеш Мојата голема моќ). Треба да ме славиш и да ми благодариш за сѐ што сум направил." Но човекот не го прави тоа (Учителе, нека некое од децата прочита Римјаните 1,21): "Зашто, кога го познаа Бога, тие не го прославија како Бог, ниту пак Му благодарија, туку се заблудија во своите помисли, и нивното неразумно срце им се помрачи".

Ова значи дека човекот се исполни со гордост и уште повеќе се оддалечи од Бог. Наместо да го слави великиот, вистински, невидлив Бог, човекот почна да си прави идоли од дрво и камен - изработувајќи животни и птици и нарекувајќи ги свои "богови". Затоа живиот и вистински Бог вели дека се виновни. Немаат изговор за своето незнаење и непослушност. Тие, такви какви што се, не можат да отидат во небото.

Некои од вас, деца, сте христијани и навистина го љубите Бог. Дали се натажувате кога мислите на тие кутри луѓе насекаде по светот кои грешат против Бог? Дали разбирате дека немаат никаква можност да отидат во небото, ако не го слушнат Евангелието? Зарем не би било прекрасно ако некој од вас стане мисионер и и на тие луѓе им го однесе Евангелието! Подготвени ли сте да отидете било каде,заради Него? Ако сте, кажете му го тоа. Кога Бог ни дава да ни стане јасно дека тие луѓе се виновни грешници, одвоени од Него, тоа е за да нѐ охрабри да направиме сѐ за да им го однесеме Евангелието.

**Слика 1-4**

Можеби некои од луѓето во Рим, каде што Павле го испрати ова писмо, си мислеа: "Да, вистина е. Има мнозина во овој свет кои не го познаваат вистинскиот Бог, но ние Евреите сме поинакви." (Прочитај Римјаните 2,17) "Ете, ти се нарекуваш Евреин, и се потпираш на Законот, и со Бога се фалиш". Павле им пишуваше на Евреите кои мислеа дека нивната религија ги оправдува пред Бог. Тие велеа: "Ние го познаваме Бог и ги имаме писмата на Стариот Завет. Ние сме невини. Ние сме на пат кон небото. Бог е многу задоволен од нас." А што вели Бог, големиот, вистинит и мудар Судија, за Евреите? Тој вели: "И тие се виновни" (Прочитај Римјаните 3,9): "Евреите... како и јазичниците...сите се под грев". Зошто вели Бог дека и Евреите се исто така виновни? Бидејќи

тие го имаа Словото Божје, но не му беа послушни (Прочитај Римјаните 2,13).

Има мисионери кои работат помеѓу Евреите и им објаснуваат дека можат да се спасат ако поверуваат во Господ Исус како во свој Спасител. Вие, деца, кои сте христијани, можете да помогнете Евангелието да се проповеда и на Евреите ако се молите и давате за мисионерите кои работат таму. Ако сакате, можеме да се обидеме да пронајдеме некои мисионери кои работат таму и да се молиме за нив.

**Слика 1-5**

Кога Бог гледа на овој голем свет, Тој е натажен бидејќи мажи и жени, момчиња и девојчиња не му се послушни; не го прават она што е право. Не е важно од која земја си - од Бразил, Мексико, Бугарија, Франција, или Македонија. Не е важно дали сме сиромашни или богати, мали или големи. Слушнете што вели Бог за секој од нас (Прочитај Римјаните 3:10,23): "Нема ниту еден праведен, не, ниту еден." "Сите згрешија и се лишени од славата Божја".Тоа значи дека ние не сме чисти и совршени какви што нè сака Бог. Бог во Библијата ни го покажува вистинскиот начин на живеење - да го љубиме Него со целото срце, и тие околу нас како самите себе. А сепак, многу често ние ги сакаме нештата, како ТВ, спортот, парите, па дури и нашите пријатели, повеќе отколку што го љубиме Бог. А и тие околу нас не ги сакаме како што треба. Размисли за погрешните работи кои си ги направил: омразата кон тоа момче или девојче која клокоти во тебе; бунтовните зборови кои си ѝ ги кажал на мајка ти; валканите мисли кои си ги вртиш во главата. Да, Бог го гледа сето тоа. Знаеш дека тоа што го вели Бог е вистина. Тој изјавува дека и ти си виновен и дека треба да бидеш казнет.

Но Бог не сака да те казни за твојот грев. Вистина е дека Тој е свет и чист и дека го мрази гревот, но Тој и те љуби и сака да ти прости. Тој го даде Својот Син, Господ Исус, да умре за твојот грев. Денес, ако се одвратиш од твојот грев и го примиш Христос како твој Спасител, Бог може да ти прости.

Ако си загрижен за твојот грев и сакаш Бог да ти го прости, но можеби не си сигурен како може да стане тоа,можеш да останеш тука после часот, кога другите ќе си заминат. Само дојди и седни на еден од овие столови напред и тогаш јас ќе знам дека сакаш да ти помогнам. Јас ќе бидам тука, до масата, и ќе ми биде драго да ти кажам како можеш да го добиеш Божјето опростување уште денес.

Но како може Бог да е свет и праведен, а сепак да ни прости? Да ви појаснам со еден пример, кој не е од Библијата.

**Слика 1-6**

Имаше двајца браќа кои се викаа Кевин и Џек Метјуз. Тие многу се сакаа и многу си играа заедно. Но, како и сите браќа, често пати и се тепаа. Како минуваа годините и како растеа, секој тргна по различна насока во животот. Џек трудољубиво учеше и студираше. Ги положи сите испити на Универзитетот и најпосле стана судија. Беше добар, чесен судија и стана славен по целата земја. Стана многу богат и изгради прекрасна куќа во која живееше со својата жена и семејството.

Другиот брат, Кевин, беше мрзлив. Не се грижеше многу за училиштето, не успеваше да си ги положи испитите. Кога престана со школувањето беше премногу мрзлив и се однесуваше многу лошо, така што му беше тешко да ги задржи работите кои ги добиваше. Еден ден го избркаа од работа и за да најде пари, почна да краде. На почетокот почна да краде малечки работи, но полека почна да станува сè полошо. Еден ден украде поголема сума пари (400 фунти) од поштата. Некои луѓе го препознале и полицијата брзо го фати. Беше изведен пред суд на кој го обвинија за кражба.

**Слика 1-7**

Кога Кевин го доведоа пред судијата, тој погледна и вчудоневиден сфати дека судијата е неговиот брат Џек. И судијата, исто така го препозна човекот кој стоеше пред него- брат му Кевин. А и во судницата мнозина забележаа дека овие двајца се браќа- имаа исто презиме: Метјуз. Луѓето почнаа да си дошепнуваат едни со други: "Што ли ќе се случи сега?"

Сведоците објаснија што виделе. Полицајците ги покажаа доказите кои ги беа собрале. Џек, судијата, мислеше што да направи: "Очигледно е дека Кевин е виновен за ова злосторство; но што да направам? Да го ослободам ли, бидејќи ми е брат? Не, не можам да го направам тоа. Јас сум судија и мора да бидам праведен и чесен. Мора да ги казнам прекршителите. Ќе го казнам ли како што заслужува? Но како да му го направам тоа на братот кој толку многу го сакам?"

Луѓето во судницата ја очекуваа пресудата. Најпосле, на крајот на судењето, судијата му кажа на Кевин:" Те прогласувам за виновен. Наредувам да платиш казна од 500 фунти, или да лежиш в затвор 5 месеци." Во судницата се слушна жагор од присутните, бидејќи повеќето сметаа дека казната е престрога. Тие знаеја дека Кевин не може да плати. Но тогаш судијата стана од своето место и отиде кај својот брат. Од џебот извади 500 фунти и ги даде на судот. Сега Кевин можеше да си оди слободен, бидејќи неговиот сопствен брат, кој толку го сакаше, ја плати казната за него.

Бог го стори тоа, и многу повеќе, за нас. Во писмото до Римјаните Павле објаснува како Бог може да биде праведен и вистинит во осудата на нашите гревови, а сепак да ја покаже својата љубов

кон нас со тоа што ќе ни прости (Прочитај Римјаните 3,26): "Па да ја покаже Својата правда во сегашно време, дека е Он справедлив и дека го оправдува секого што верува во Исуса." Бог покажа колку е праведен и фер со тоа што го осудува гревот; Тој плати за твојот грев, кога ја стави твојата казна на Својот Син, Господ Исус. Сега, кога поверуваш во Господ Исус Христос, ќе те прогласи за праведен во Негови очи.

**Слика 1-8**

На почетокот Бог рече за секој од нас: "Ти си бунтовен грешник. Ти си направил многу погрешни нешта. Си ги прекршил моите закони кои сум ги дал во Библијата. Заслужуваш да бидеш казнет - да умреш и да бидеш отстранет од Мене засекогаш." Но тогаш самиот Бог ја зеде казната на Себе. Го даде својот сакан Син, Господ Исус да умре на крст за нашите гревови, лошите нешта кои сме ги направиле. Како и судијата, и тој плати огромна цена, зашто многу нѐ сака. Сега, кога Господ Исус плати за нас на крстот, Бог може да ни прости. Како и Џек, кој можеше да го ослободи Кевин, иако брат му беше криминалец.

Ако никогаш не си се одвратил од твојот грев кон Бог, уште сега побарај да ти прости и да те очисти од секој грев. "Бог ќе ги суди тајните на луѓето". Поверувај во Господ Исус како во твој Спасител и ќе бидеш слободен. Не ја одложувај оваа важна одлука. Запомни, виновен си пред Бог и ти треба Неговото простување. Прими го уште денес!

**Прашања за повторување:**

1. Кој беше човекот кој го напиша посланието до Римјаните? (4 вертикално)

2. Што направи Бог за Павле да може точно да ги запише зборовите кои Бог сакаше христијаните во Рим да ги прочитаат? (3 хоризонтално)

3. Дали се паганските народи невини или виновни пред Бог? (2 вертикално)

4. И Евреите, исто така, се виновни, бидејќи, иако го имаа Стариот завет, тие не беа _______________ (9 вертикално)

5. Доврши го стихот: "Сите _______________ и се лишени од славата Божја" (5 (вертикално).

6. Бог е судија на целиот свет. Тој е мудар и потполно _______________( 7 хоризонтално)

7. Бог е праведен, но Тој е исто така и полн со _______________ кон нас. (11 хоризонтално)

8. Ја слушнавте приказната за двајцата браќа. Едниот се викаше Џек, а другиот _______________ ( 6 хоризонтално)

9. Џек, праведниот Судија, многу остро го осуди својот брат. Што направи потоа? Ја плати _______________(1 хоризонтално)

10. Бог е праведен Судија на целиот свет. Која страшна казна ја зема Тој на себе? Тој го даде Својот Син да _______________ на _______________. (8 вертикално и 10 хоризонтално)

Одговори на прашањата:
1-Павле; 2- инспирира; 3- виновни; 4- послушни; 5- згрешија; 6-праведен; 7-љубов; 8- Кевин ; 9- казната; 10- умре, крстот.

**Стихови за првата лекција:**

| | |
|---|---|
| Римјаните 1,20: | "Оти она, што е во Него невидливо, односно вечната сила и Божеството, се гледа уште од создавањето на светот преку созданијата, па така тие немаат изговор." |
| Римјаните 1,21: | "Зашто, кога го познаа Бога, тие не го прославија како Бог, ниту пак му благодарија, туку се заблудија во своите помисли и нивното неразумно срце им се помрачи." |
| Римјаните 2,13: | "Бидејќи пред Бога не се праведни оние што го слушнале Законот, а ќе бидат оправдани само оние што го исполнуваат Законот." |
| Римјаните 2,16: | "Во оној ден, кога според моето благовестие, Бог преку Исуса Христа ќе ги суди тајните на луѓето". |
| Римјаните 2,17: | "Ете, ти се наречуваш Евреин, и се потпираш на Законот, и со Бога се фалиш". |
| Римјаните 3,9: | "И така, каква предност имате? Никаква, оти веќе ги обвинивме, како Евреите така и Елините, дека се сите под грев." |
| Римјаните 3,10: | "како што е пишано: 'нема ниеден праведен, не, ниту еден'". |
| Римјаните 3,23: | "Сите згрешија и сите се лишени од славата Божја". |
| Римјаните 3,26: | "Па да ја покаже својата правда во сегашно време, дека е Он справедлив и дека го оправдува секој што верува во Исуса." |


1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12

# Втора лекција

# Судијата те прогласува праведен пред законот

**Библиски текст:** Римјаните 3:21-5:9.

**Централна вистина** (ЦВ) Заради тоа што Господ Исус ја даде својата крв за грешниците, Бог ги прогласува за праведни сите кои веруваат во Него.

**Примена за неспасените деца** (ЦВН): Вашата надеж да не биде во добрите дела. Само Исус може да ве спаси.

**Примена за спасените деца** (ЦВС): Благодарете му на Бог што, кога гледа на вас, ве гледа чисти, бидејќи Господ Исус умре за вас.

**Стих за напамет:** "И така, бидејќи оправдани со верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ, Исус Христос" (Римјаните 5:1).

**Преглед на лекцијата:**

| | |
|---|---|
| Вовед: | Повторете ја случката со Цек и Кевин од претходната лекција. |
| Слика 2-1: | Не можеме да се оправдаме самите себеси преку "делата на законот" (ЦВН). |
| Слика 2-2: | Основата на нашето оправдување е пролеаната крв **Христова.** |
| Слика 2-3: | **Последицата** од нашето оправдување е **Христовата праведност** која нам ни се дава. |
| Слика 2-4: | **Средството** за наше оправдување е верата во Христос. |
| Слика 2-:5: | **Библиски пример** за оправдувањето на Авраам, кога тој поверува во Бог. |
| Слика 2-6: | Пример со Томе кој пливал на воздушен душек, што бил дупнат. |
| Слика 2-7: | Роберт му доаѓа напомош; Томе се бори, но најпосле му се доверува на спасувачот и е спасен (ЦВН). |
| Слика 2-8: | Примената: дали си поверувал во Бог за да те спаси (ЦВН)? |

**Забелешка:**

Во посланието до Римјаните Павле исто така се занимава и со изворот на нашето оправдување, кој е благодатта Божја. Во оваа лекција не се занимаваме посебно со овој аспект, со цел да не се отежни лекцијата.

**Соодветни активности:**

**Драма:** Поделете ги улогите за сцените 4 и 5. Новите улоги се "Цени" и "Мери". Продолжете со пробите.

**Квиз за повторување:** На крајот на лекцијата се дадени прашањата и предлозите за повторување.

**Вовед**
(Може да ја покажете сликата 1-7)

Се сеќавате ли на случката со двајцата браќа-Кевин и Цек? Што направи Кевин? (Украде пари). Дали судијата го прогласи Кевин за виновен или невин? (Виновен). Точно! И пред Бог, големиот Судија, сите ние сме виновни, бидејќи јас и ти сме ги прекршиле Неговите закони.

Замислете си, во случката за која зборувавме, кога судијата му нареди на Кевин да плати 500 фунти, тој да кажеше: "Ве молам, немојте да ме казните. Отсега натаму ќе бидам добар". Мислите ли дека судијата ќе речеше: "Нема проблем, слободен си". Што мислите? Одговорот е "не". Судијата не можеше едноставно да го пушти. Тој го имаше прекршено законот и должноста на судијата беше да му изрече казна за тоа.

**Слика 2-1**

Тоа е вистина и за тебе и за мене кога стоиме пред Бог. Бог е праведниот Судија на целиот свет. Нема да биде право, од страна на Бог, ако Тој едноставно им каже на грешните луѓе: "Ох, нема проблем! Само немој пак да го направиш истото!" Во секој случај никој од нас не може да му каже на Бог: "Од сега натаму ќе бидам добар; веќе нема да ги кршам Твоите заповеди". Знаете ли зошто не можеме да му го кажеме тоа на Бог? Бидејќи јас и ти имаме грешна природа: родени сме со нешто во нашите срца кое нè тера да правиме лоши работи; и така брзо се наоѓаме себеси како грешиме против Бог.

Има многу луѓе кои мислат дека ако прават добри дела можат да се спасат од своите гревови и да отидат во небото. Во своето писмо до Римјаните Павле вели дека тие се обидуваат да се оправдаат во Божјите очи преку "делата на законот". Се обидуваат да се добри и љубезни; даваат пари во црквата; им помагаат на соседите и си мислат: "Овие добри дела ќе нè направат праведни пред Бог". Дали некогаш и ти си мислел така? Сè ова е одлично. Бог сака да сме добри и љубезни, да помагаме и да сме дарежливи. Но во своето Писмо ни вели дека не можеме да се ослободиме од нашите гревови само со тоа што ќе бидеме добри. Не можеме на тој начин да се оправдаме пред Бог (Прочитај од Римјаните 3:20): "Зашто преку делата на Законот пред Него нема да се оправда ниедно тело". Тоа значи дека никој нема

да се оправда пред Бог со тоа што ќе врши добри дела и ќе се обидува да ги пази Божјите заповеди.

**Слика 2-2**

Можете ли да се сетите како Кевин беше ослободен од судницата, слободен? Додека шеташе по улиците никој не можеше да му рече: "Не можеш да си одиш! Не си ја платил казната!"

"Не", можеше да одговори тој, "за мене е веќе платено и не треба да платам повторно." Зошто Кевин можеше да каже: "Веќе никој не може да ме казни за тоа злосторство"? Бидејќи Џек, судијата, застана на негова страна и ја плати неговата казна. Кевин беше оправдан пред законот, зашто казната беше платена.

Од слична причина сега и ние може да знаеме што значи да се биде слободен од казната за гревот. Бог може да ни каже: "Пред мојот закон, ти си прав." Тоа значи "оправдување". Значи некој да се прогласи дека не е виновен, дека е сѐ во ред помеѓу него и законот.

Како може да нѐ оправда Бог? Одговорот го наоѓаме во Божјето Слово (прочитајте во Римјаните 5:9): "Затоа сега, откако се оправдавме со крвта Негова, многу повеќе ќе се спасиме преку Него од гневот". Казната за твојот грев беше платена на крстот, кога Бог го даде Својот Син да умре за тебе. Ти заслужуваш засекогаш да бидеш одвоен од Бог. Цената која требаше да се плати за ти да бидеш ослободен од таа казна, беше скапоцената крв на Господ Исус Христос, Неговата смрт за тебе. Казната беше платена во **целост**, бидејќи Тој на Себе ја зеде целата казна за твојот грев. На крајот Тој извика: "Се сврши"; зборот буквално значи: "Платено е во целост". Заради Христос, не треба веќе да платиме за нашите гревови. Ако верувате во Него, нема повторно да бидете казнети; вие сте оправдани. Се сеќавате ли што тоа значи ? (Нека ви одговорат децата). Да, значи дека Бог ве прогласува за невини, праведни пред законот, заради вашата вера во Христос.

**Слика 2-3**

Господ Исус беше Единствениот Кој можеше да плати за нас, бидејќи е Единствениот Кој совршено го исполни Божјиот закон, Тој вршеше добро; секогаш Го љубеше Бог и тие околу Себе; Неговите зборови и дела беа секогаш добри и вистинити. Сите други згрешиле и се виновни во Божјите очи. Никој друг не можеше да плати за нас. Господ Исус секогаш ги исполнуваше Божјите заповеди и сега, ако веруваш во Него, Неговата добрина ти се припишува тебе. Тоа значи дека во Божјите очи изгледа како и ние да сме живееле совршен живот како Господ Исус. Кога Бог гледа на нас, не ги гледа сите наши гревови. Ги гледа само совршените нешта кои Исус ги направи. Павле пишува за Авраам (прочитајте во Римјаните 4:22): "..тоа му се прими за оправдание". Тоа значи дека Авраам се сметаше како совршен и праведен пред Бог. Тоа се случува и со нас кога поверуваме во Господ Исус Христос.

Кога Бог нѐ оправдува, тоа не значи дека нашиот живот станува чист и совршен. (Во нашата идна лекција ќе видиме како Тој нѐ прави поинакви). На сличен начин, судијата не го прави обвинетиот добар; едноставно кажува дека не е виновен пред законот. Кога Бог нѐ оправдува, совршената праведност на Господ Исус ни се припишува и нам. Ако си верник, треба да го прославиш Бог за тоа што, кога Тој гледа на тебе, те гледа како да си го живеел совршениот живот на Господ Исус. Дали си му заблагодарил за ова? Направи го сега, тивко, во срцето.

**Слика 2-4**

Дали тоа значи дека сега сите одат во небото? Дали Бог решил да им прости на сите,бидејќи Исус умре на крстот? Дали се сега сите "оправдани" во Божите очи? Што мислите? (Учителе, дозволете им на децата да одговорат). Не,не им е простено на сите. Не се сите на пат кон небото. Само оние кои со вера го примиле Божјиот дар на простувањето: (прочитајте од Римјаните 3:28): "Човекот се оправдува со **верата**, без делата според законот". Што значи тоа? Значи дека мора во целост да имаш доверба во Христос за да добиеш опростување за твоите гревови. Сам не можеш да направиш ништо за твоето оправдување. На некој начин, тоа е слично на она што го направи Кевин. Знаеше дека заслужува казна; знаеше дека не може да ја плати; затоа со благодарност го прифати дарот што неговиот брат му го даде, за да може да биде ослободен. Ја прифати понудата на брат му за да ја плати цената за него.

На сличен начин треба да дојдеш кај Господ Исус и да му кажеш: "Јас самиот не можам да станам праведен во твоите очи; јас не можам да ги отстранам моите гревови. Дури и да се обидувам да правам само добри работи, знам дека тоа нема да е доволно. Но јас знам дека Исус умре за да ја плати казната за моите престапи. Ти благодарам. Сега од Тебе го примам дарот на простување ."

**Слика 2-5**

Некои луѓе во времето на апостол Павле не можеа да разберат како Бог може безусловно да им простува на грешниците, без тие да мора да прават добри дела, да даваат пари, или да прават нешта за да го умилостиват Бог. Затоа Павле во своето писмо напиша: "Размислете за Авраам, и за тоа како се оправда тој"-како стана прав во Божјите очи. Авраам живееше стотици години пред Господ Исус да дојде на земјата. Бог го повика од градот Ур, каде што живееше и му вети дека еден ден ќе има многу деца и дека ќе поседува многу земја. Му поверува на Бог и го напушти својот град. Сега немаше куќа, ниту пак земја; немаше дури ни син. Беше стар човек. Беше добар човек, но како и сите нас, грешеше. Не еднаш излажа и ги измами луѓето околу себе. Еднаш

на пример, му кажа на Египетскиот цар дека неговата жена му е сестра.

Сепак Бог рече дека Авраам е праведен во неговите очи. Како беше тоа можно? (Прочитајте од Римјаните 4:3): "Му поверува Авраам на Бога, и тоа му се прими за оправдание". Тоа значи дека тој поверува во сè што му вети Бог, и од таа причина Бог го прогласи за праведен. Бог не го сметаше за виновен поради неговите гревови: Бог го оправда.

Да прочитаме во Римјаните 5:1: "И така, бидејќи оправдани со верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ, Исуса Христа". Да се биде оправдан значи да бидеш сметан од Бог за праведен и добар. Тоа се случува штом поверуваш во Господ Исус Христос.

**Слика 2-6**

Сакам да ви кажам уште една приказна која, се надевам, ќе ви помогне подобро да разберете што значи да се биде оправдан **по вера**. Томе го поминуваше одморот на плажа. Си поминуваше многу убаво, зашто времето беше топло, па можеше да плива секој ден. Особено уживаше да лежи на душекот на надување и да го одвесла подалеку од брегот, каде што немаше бранови. Таму мирно можеше да лежи на грб и да гледа во небото, додека душекот благо се лулаше под него.

Но еден ден се случи нешто страшно. Одеднаш воздухот почна да излегува од душекот, страшно шушкајќи. За неколку моменти веќе не можеше да го држи на површината. Томе се најде во голема неволја, бидејќи беше слаб пливач. "Помош", почна да вика тој, "помош, се давам!" На брегот, тој ден, беше спасувачот на плажата, Роберт, кој постојано набљудуваше со двоглед, внимавајќи некој да не е во неволја во водата. Виде дека Томе е во неволја, и слабо му го слушна гласот кој викаше за помош. Роберт го остави двогледот и се фрли во водата. Неговите моќни раце и нозе брзо го носеа низ водата, сè до местото каде што кутриот Томе се бореше за својот живот.

**Слика 2-7**

Кога Роберт го фати Томе, давеникот почна да прета со рацете и нозете, обидувајќи се да му помогне на спасувачот да плива кон брегот. "Не", викна Роберт," само ми отежнуваш да ти го спасам животот. Престани да се мачиш да се спасиш самиот. Само лежи мирно и верувај ми. Јас ќе те одведам на брегот." Томе го направи токму тоа и големиот, силен спасувач се сврте на грб, ја подигна главата на детето над водата и почна да плива кон брегот. Тој и порано имаше спасувано луѓе и точно знаеше што треба да направи. Наскоро дојде во плиткото и го допре со нозете дното. Го подигна Томе, кој беше исцрпен и го положи на топлиот песок. "Колку е прекрасно да си сигурен на брегот!" си мислеше Томе, збивтајќи на сонцето.

На ист начин Господ сака да веруваме во Него, да Му се довериме (прочитајте во Римјаните 4:5): "На оној кој не работи, а верува во Оној, Кој го оправдува безбожникот, верата му се прима како оправдание". Тоа значи дека не мора да се трудиме да се спасуваме самите; треба да веруваме дека самиот Господ Исус, ако поверуваме во Него, може да нè направи праведни пред Бог. Томе му веруваше на големиот, силен спасител; сам не можеше да се спаси. Ниту пак ние можеме себеси да се спасиме од гревот. Всушност, ако се обидуваме, само Му пречиме на Бог да го направи тоа за нас; сетете се само како обидите на Томе за да се спаси му беа пречка на Роберт.

**Слика 2-8**

Но Господ Исус направи за нас многу повеќе отколку што Роберт направи за Томе. Роберт храбро го ризикуваше својот живот; но Господ Исус знаеше дека, кога дојде да нè спаси, мора да умре. Тој доброволно го даде својот живот за нас.

Бог за нас направи многу повеќе отколку судијата Џек за својот виновен брат. Господ Исус не плати казна од 500 фунти, туку на себе ја зеде страотната казна - смртта, заради тебе и мене. Кога му веруваме, имаме: "мир со Бога, преку нашиот Господ, Исуса Христа"(Римјаните 5:1). Имаме мир со Бог бидејќи ни се простени гревовите; го имаме тој мир, бидејќи сме праведни во Божјите очи; го имаме тој мир бидејќи сме сигурни и знаеме дека одиме во небото.

Си поверувал ли во Христос како во твој Господ и Спасител? Имаш ли мир со Бог? Денес Тој сака да поверуваш во Него. Одврати се од твоите гревови и барај од Него да ти прости и да те направи Свое дете.

**Прашања за повторување**

1. Објасни, според Библијата, што значи "оправдување"? (Да се прогласи дека човекот не е виновен, дека е прав пред законот).

2. Во нашата денешна лекција видовме кој е погрешниот начин со кој луѓето се обидуваат да се оправдаат себеси пред Бог. Кој е тој погрешен начин? (Со делата на законот - обидувајќи се да се спасат самите, со правење добри дела).

3. Во Римјаните 5:9 читаме дека сме "оправдани" со крвта Исусова - можеш ли да го објасниш тоа? (Кога Исус умре на крстот и неговата крв беше пролеана за нас; цената за нашиот грев беше платена во целост).

4. А во Римјаните 5:1 ние исто така читаме дека сме "оправдани по вера". Можеш ли да го објасниш тоа? (Она што Исус го направи за нас има вредност ако го прифатиме со вера).

5а.Кој беше човекот од Стариот завет, за кој зборувавме и кој беше "оправдан" бидејќи веруваше во Бог? (Авраам.)

5б. Од кој град го повика Бог? (Од Ур).

6. На кои Божји ветувања им поверува тој? (Дека ќе има многу наследници , и дека ќе има земја).

7. Како покажа Томе дека има доверба во спасителот? (Престана да се бори и му дозволи на Роберт да го спаси).

8. Како можеме оваа илустрација да ја примениме на Господ Исус? (Тој е силен и може да спаси; веќе спасил други луѓе; подготвен беше да се жртвува за другите).

### Стихови за втората лекција

| | |
|---|---|
| Римјаните 3,20: | "Зашто преку делата на законот нема да се оправда ниедно тело; бидејќи преку законот се познава гревот". |
| Римјаните 3:28: | "И така заклучуваме дека човекот се оправдува со верата, без дела според законот". |
| Римјаните 4:3: | "Оти, што вели писмото? - 'Му поверува Авраам на Бога, и тоа му се прими како оправдание". |
| Римјаните 4,5: | "Напротив, оному, кој што не работи, а верува во Оној кој го оправдува безбожникот, верата му се прима како оправдание:. |
| Римјаните 4:22: | "Затоа тоа му се прими како оправдание". |
| Римјаните 5:1: | "И така, бидејќи оправдани со верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ, Исуса Христа" |
| Римјаните 5:9: | "Затоа сега, откако се оправдавме со крвта Негова, многу повеќе ќе се спасиме преку него од гневот" |

# Трета лекција

# Најдобриот пријател

**Библиски текстови:** Римјаните 6-8, посебно глава 8.

**Централна вистина:** Светиот Дух живее во секој христијанин за да го зацврсти и да му помогне.

**Примена за спасените деца** (ЦВС): Довери му се за да ти даде победа над гревот и Сатаната и да ги однесе твоите сомнежи и стравови.

**Примена за неспасените деца** (ЦВН): Слушај што ти вели Светиот Дух и дојди при Христос.

Следејќи ја општата структура на посланието до Римјаните, оваа лекција се занимава повеќе со учењето за животот на христијанинот, отколку со патот на спасението. За неспасените деца во вашата група можете да го вклучите Евангелието во почетниот дел пред лекцијата, врз основа на листата стихови од Римјаните која што е дадена подолу. Децата можат овие стихови да ги потцртаат во своите Библии, ако имаат Библии, и да ги напишат следните зборови до секој цитата за полесно да можат да ги запомнат:

| | |
|---|---|
| Римјаните 3:23: | Наша потреба |
| Римјаните 5:8: | Единствен Спасител |
| Римјаните 6:23: | Божји подарок |
| Римјаните 10:13: | Што да се прави |

**Стих за напамет:** Разгледување на Римјаните 5:1

**Преглед на лекцијата:**

**Вовед:** Краток преглед на приказната за судијата Џек и неговиот брат Кевин.

Слика 3-1: Благодарноста на Кевин кон Џек.

Слика 3-2: Нашата благодарност кон Бог треба да ја покажеме преку тоа што ќе ги слушаме и ќе им помагаме на нашите родители.

Слика 3-3: Светиот Дух ни помага да бидеме послушни кон Божјите заповеди ( Римјаните 8:4) - примерот со Сандра. ЦВС

Слика 3-4: Сатаната се обидува да поттикне сомневање кај христијаните, но Светиот Дух ни дава сигурност дека сме Божји деца. (Римјаните 8:16)

Слика 3-5: Тој ги користи Божјите ветувања и нашите променети животи за да ни даде сигурност -примерот со Сандра. ЦВС

Слика 3-6: Светиот Дух нè раководи во нашите одлуки (Римјаните 8:14).

Слика 3-7: Тој нè води преку читање на Библијата и молитва, преку Неговиот мир во нашите срца и преку други христијани.

Слика 3-8: Светиот Дух ни помага исправно да се молиме (Римјаните 8:26). Тој на неспасените им го покажува нивниот грев - за да ги доведе при Христос. ЦВН

**Соодветни активности:**

**а.** На секое дете дајте му парче хартија поделено како што е прикажано подолу. (Можете да направите еден примерок и да го фотокопирате). Замолете го секое дете да нацрта три соодветни слики - како тоа својата љубов кон Бог ќе ја покаже дома, на училиште, додека си игра. Оваа задача е прикладна и за неспасените деца. Тоа им помага да ја сфатат примената на спасението и ги подготвува за вистински да се обратат кон Христос.

| Ако Бог нè оправдал, треба да му ја покажеме нашата љубов и благодарност. | | |
|---|---|---|
| Дома | На училиште | Со нашите пријатели |

**б.** Продолжете со учењето и повторувањето на драмата.

**Вовед**

Дали се сеќавате на приказната за Кевин и Џек? (Покажете ја сликата 1-7, заради оние кои не биле присутни во изминатите седмици, и дозволете им на децата накратко да ја повторат приказната.) Ајде да ја продолжиме приказната за нашите двајца пријатели.

**Слика 3-1**

Откако заврши судењето, Џек го покани својот брат дома на ручек. Штом пристигнаа во куќата, седнаа и Кевин почна да зборува. Што мислите што рече? Ќе ви дадам два предлога. Што мислите кој е исправниот одговор?

Прв предлог: "Џек, убаво од тебе што ја плати казната наместо мене, но немој да очекуваш дека поради тоа ќе престанам да крадам. Дозволи ми да

си го живеам животот како што си сакам, а и ти живеј си го својот по своја волја. Јас со мојот живот ќе правам што сакам."

Втор предлог: "Џеке толку сум благодарен што ја плати казната наместо мене. Знам дека заслужив да бидам казнет, но немаше да можам да ја платам казната. Многу ти благодарам. Од сега натаму ќе живеам на таков начин што нема веќе да се засрамиш од мене."

Вториот предлог беше исправниот. Кевин дури и продолжи и рече: "Џек, никогаш нема да можам да ти се оддолжам, но можеби ќе ми дозволиш од време на време да доаѓам и да ти ја мијам колата или да ја поткаструвам тревата во твојот двор. Дали ќе ми дозволиш да го направам тоа за тебе? Тоа е само за да ти покажам колку го ценам она што го направи за мене, иако никогаш нема да можам да ти ги вратам парите."

Јас знам дека во оваа група има неколку момчиња и девојчиња кои припаѓаат во Божјотот семејство. Вие му се доверивте на Христос како на свој Господ и Спасител. Бог за вас направил многу повеќе отколку што Џек направил за Кевин, бидејќи Тој Го даде својот единствен Син да умре заради твоите гревови. Каква треба да биде твојата реакција, сега кога разбра колку Христос направил за тебе?

**Слика 3-2**

Во овие слики се опфатени две можности. Која слика прикажува вистински христијанин? Прва можност: "Господе Исусе Ти благодарам што ја одзеде тешката казна која требаше да ја добијам за моите гревови. Од сега, па натаму сакам да Ти угодувам. Помогни ми во мојот дом, на училиште и каде и да сум, за да Ти покажам дека Те сакам и дека сум Ти благодарен."

Втора можност: "Господе Исусе толку е добро да се биде христијанин. Ми се допаѓа неделното училиште и имам многу пријатели. Но дали навистина морам да го правам тоа што моите родители го бараат од мене? Тоа ми е многу тешко, зашто јас сакам да правам по моја волја."

Се надевам дека нема да се однесувате како вториот пример. Ајде да размислиме за овие две слики. Што мислите дека се случува? Која слика го покажува ставот на вистинскиот христијанин - детето кое помага да се намести масата, или детето кое продолжува да си игра и се прави како да не го слуша гласот на мајка му кога го вика?

Да се биде христијанин е прекрасно и возбудливо, но не секогаш е и лесно. Всушност тоа е вистинска борба! Ние имаме многу лош непријател, Сатаната, кој што ќе направи сѐ што е во негова моќ за да нѐ натера да правиме лошо и да не му угодуваме на Господ Исус, иако сме Божји деца. Ние наспроти нас имаме многу моќен непријател, но секој христијанин има еден уште посилен Помошник кој живее во него (или во неа), за да му помогне да го прави тоа што е исправно? Дали знаеш кој е тој? Ајде да погледнеме во Римјаните 8:9 каде што тој се спомнува три пати (нека едно од децата го прочите текстот): "Вие живеете не по тело, туку по Дух, само тогаш ако Божјиот Дух живее во вас. Ако пак, некој нема Дух Христов, тој не е негов." Како се вика тој? Тој овде е спомнат со три имиња - Дух, Христов Дух и Божји Дух. Ние најчесто го нарекуваме Свет Дух. Тој е Бог и Тој живее во секој христијанин, секој што му се доверил на Господ Исус Христос како на свој личен Господ и Спасител. Ако си му се доверил како на свој Спасител, тогаш Светиот Дух живее во тебе за да ти даде сила за борба против ѓаволот! Денес во посланието до Римјаните ќе најдеме четири прекрасни работи кои Светиот Дух сака да ги направи и кои може да ги направи, во животот на секое Божјо дете.

**Слика 3-3**

Пред сѐ Тој ни помага да ги запазуваме Божјите заповеди. Во Римјаните 8:4 читаме: "За да се оправда Законот во нас, кои живееме не по телото, туку по Духот." Тоа е малку тешко да се разбере, но значи дека кога Светиот Дух има контрола над нашите животи, ние ги запазуваме Божјите заповеди. Исто како што е и на сликата која пред малку ја гледавме (покажете ја накратко страна два). Тој ни даде сила да им бидеме послушни на нашите родители и да ги победиме искушенијата на ѓаволот.

Сандра имаше 10 години. Пред една година, во христијанскиот камп, таа го замолила Господ Исус Христос да биде нејзин Господ и Спасител. Често откако ќе се вратела од училиште, мајка ѝ ја испраќала Сандра во продавница да купи продукти. Пред да стане христијанка, Сандра често задржувала од кусурот за себе, пред да го стави остатокот во чантата на мајка си. Мајка ѝ на Сандра никогаш не ги броела парите и не знаела дека Сандра краде. Но сега Сандра се обрати, и сакаше да му угодува на Господ Исус и да прави она што е исправно; иако се уште била искушувана да се врати на својата стара навика да краде. Кој ја потсетуваше на Божјата заповед, "Не кради" и кој ѝ даде сила да го направи она што е исправно? Да, Светиот Дух!

Навечер, откако ќе го напишела домашното, Сандра некогаш одела на крајот на улицата, кај една своја пријателка. Кога мајка ѝ би ја запрашала: "Каде одиш?" Сандра била искушувана да каже: "Одам кај Јованка за да ми помогне со домашното." Така мајка ѝ ќе ѝ кажела да оди и да остане додека не ја заврши работата. Но внатрешниот глас ја потсетуваше на Божјата заповед: "Не се лажете еден со друг" и таа ја кажала вистината: "Сакам да одам да си играм со Јованка. Дали смеам?" Мајка ѝ не ѝ дозволила да остане толку долго колку што би ѝ дозволила ако се работело за домашната задача. Но сега Сандра знаеше дека треба да ја кажува вистината. Кој ѝ помогнал? Да, Светиот Дух. Ако си

Божјо дете и ти можеш да побараш Светиот Дух да ти помогне да ги запазуваш Божјите заповеди. Тој ќе ти даде сила, ако му се довериш.

**Слика 3-4**

Понекогаш христијаните се сомневаат во тоа дали навистина се Божји деца. Тие се прашуваат: "Дали навистина сум Божјо дете? Дали Господ Исус Христос сега живее во мојот живот? Ако умрам, дали навистина ќе одам на небо?" Ѓаволот сака да се сомневаме во тоа дали сме Божји деца. На кого треба да му се обратиш ако ги имаш овие сомневања? Ако го имаш Господ Исус Христос како твој Спасител, тогаш има некој кој што е многу, многу близу и сака да ти помогне. Кој е тој? Ајде да прочитаме Римјаните 8:16 (побарај некое од постарите деца да го прочита текстот): "Самиот Дух (Тој, а не тоа) му сведочи на нашиот дух дека сме Божји деца." Тоа значи дека ако си Божјо дете, Светиот Дух те охрабрува и ти дава мир во срцето, давајќи ти сигурност дека навистина си член на Божјотот семејство. Тоа не е глас кој го слушаш со своите уши, но тој ти дава да знаеш, длабоко во себе, дека му припаѓаш. Па така, како што му ги даваш своите сили за да му угодиш на Бог, Светиот Дух ти дава сигурност дека си Божјо дете, кога му се доверуваш на Бог.

**Слика 3-5**

Како Светиот Дух ти дава сигурност дека си Божјо дете? Тој тоа го прави на два начина: преку ветувањата што се дадени во Божјиот збор и преку начинот на кој што го менува твојот живот. Да ви објаснам како тоа се случи со Сандра. Сандра редовно одела во неделно училиште. Тоа се одржувало во нејзинотот соседство. Таа исто така била и на библиско кампување и нешто прекрасно ѝ се случило таму; таа таму се молела да го прими Исус Христос како свој личен Господ и Спасител. Сепак понекогаш ѓаволот носел сомневања во мислите на Сандра и таа се прашувала дали навистина е спасена и е на пат за во небо. Чувствувала дека учителката од нејзинотот неделно училиште може да ѝ помогне, па така еден ден после часовите останала за да разговара со својата учителка, Г-ѓица Милица, за овој проблем.

"Понекогаш не сум сигурна дали Господ Исус навистина живее во мојот живот," рекла таа. Милица вака ѝ објаснила: "Сандра, дали се сеќаваш на минатогодишното кампување, кога го замоли Господ Исус да биде твој Спасител? Дали се сеќаваш на зборовите кои тој ден ги прочита од Библијата: ’Секој кој го призове името Господово ќе се спаси’ (Римјаните 10:13)? Кога се молеше дали го замоли Господ да ти ги опрости гревовите и да преземе контрола над твојот живот?" "Да," одговорила Сандра, "се молев. Го молев да ме спаси и навистина го мислев тоа." Милица рекла: "Еве го неговотот ветување, ако повикаш кон Него, Тој ќе те спаси. Па што мислиш дека Тој направил?" "Тој ме спаси." "И како можеш да си сигурна?" прашала учителката. Сандра кракто размислувала. Тогаш Милица ѝ објаснила: "Можеш да бидеш сигурна поради Божјото ветување во Евреите 13:5, каде што Бог вели: ’Нема да ве оставам’."

"Има уште една друга работа," рекла Милица, "Во последнава година имаше навистина големи промени во твоето однесување. Малку по малку ти стана пољубезна, попослушна и поактивна на часовите. Тоа за мене е знак дека ти го имаш Господ Исус како твој Спасител."

Додека Сандра размислувала за Господовите ветувања и за промените кои настанале во нејзиниот живот, во своето срце почувствувала прекрасна радост и мир. Не беше само охрабрувањето тоа што ја правело посигурна. Дали знаете кој тивко ѝ давал сигурност дека таа е Божјо дете? Да, Светиот Дух Кој е во нејзиното срце. Тој тоа може да го направи и за тебе. Кога се сомневаш, потсети се на времето кога Господ Исус те спаси. Размислувај за неговото ветување дека ќе те спаси и дека ќе биде со тебе. Малку размислувај и за промените кои настанале во твојот живот. Светиот Дух ќе ти помогне да ги надвладееш своите сомневања и стравови. Тоа е дел од неговата работа. Довери му се, да го направи тоа и за тебе.

**Слика 3-6**

Сандра забележа дека ѝ е тешко да се одлучи дури и за мали работи, како на пример какви чевли да обуе или кого сака да покани на својата роденденска забава. Додека размислуваше за некои од големите одлуки кои нејзините постари пријатели ги донесуваа, а кои таа ќе требаше да ги има пред себе после неколку години, таа се прашуваше како ќе може да го направи тоа. Тогаш еден ден во неделното училиште, Милица ѝ рече дека Светиот Дух сака да ѝ помогне и во тоа.

Светиот Дух нè води во нашите одлуки. Ова е третата работа што Тој ја прави. (Дали можете да се сетите на првите две?) Тој секој ден ни укажува на тоа што е добро а што лошо; Тој ни помага да ја запознаеме и да ја извршуваме Божјата волја секој ден. (Нека едно од децата ги прочита Римјаните 8:14) : "Сите оние, што се управуваат по Божјиот Дух, се Божји синови." Светиот Дух сака да нè води по патот кој Бог го испланирал за нашите животи. На пример, за време од неколку години, како ќе знаеш во кое средно училиште да се запишеш? Како ќе знаеш кого да одбереш за пријател? Како ќе знаеш каде да бараш работа? Можеби Бог сака ти да бидеш проповедник, мисионер или евангелизатор. Како ќе дознаеш која е Божјата волја за твојот живот? Во сиве овие работи Светиот Дух може да те води да донесеш мудри одлуки. Сигурен сум дека се прашувате: "Но како не води Светиот Дух?"

**Слика 3-7**

(Оваа слика покријте ја со две парчиња хартија и потоа отварајте ги дел по дел додека поучувате).

Најважниот начин на негово водство е преку Библијата и преку молитва. Додека секојдневно го читаш Божјото Слово и го молиш Тој да те води, Тој ќе ти помогне да дознаеш што е исправно и што Тој сака ти да направиш. Понекогаш ќе ти покаже посебно ветување или заповед од Библијата која сака да ја знаеш и запазуваш. Во Паслмот 119:105 читаме: "Твојот збор е светилник на моите нозе и светлина на мојот пат."

Постои и друг начин на кој што можеме да знаеме што Бог сака да правиме - преку мирот што Светиот Дух ни го всадува во нашите срца. Во Колосјаните 3:15 пишува: "Мирот Божји да владее во вашите срца." Светиот Дух го дава Неговиот мир да биде "судија" во нашите срца. Вие знаете што прави судијата, нели? Тој свири со свирчето кога некој ќе направи прекршок. Кога христијанинот прави нешто што е против Божјата волја, мирот Божји во неговото срце ќе се вознемири. Кога го правиш тоа што Бог сака да го правиш, ќе имаш мир во врска со тоа, иако можеби е многу тешко.

Светиот Дух користи други христијани за да нѐ води. 1 Петрово 5:5 вели дека младите верници треба да ги слушаат оние кои се постари и кои имаат повеќе искуство во христијанскиот живот. Твоите учители во неделното училиште ќе ти дадат совет за Божјата волја во твојот живот. Ако твоите родители се верници, тие можат да ти помогнат да ја најдеш Божјата волја. Немој да се плашиш да ги замолиш за помош. Другите христијани сакаат да ти помогнат да одиш по патот по кој Бог сака да те води.

**Слика 3-8**

До сега зборувавме за три важни работи кои Светиот Дух ги прави во верникот. (Дали се сеќавате на нив?)

На крајот, има уште една прекрасна работа што Светиот Дух ја прави во животите на христијаните. Ајде да прочитеме во Римјаните 8:26 и да видиме која е таа друга прекрасна работа (нека едно од децата го прочита стихот): "Исто така и Духот нѐ поткрепува во нашите немоќи; бидејќи не знаеме за што да се помолиме, како што треба, туку Духот сам посредува за нас со неискажано воздивнување." Дали го разбравте тоа што го прочитавме? Овде Бог нѐ учи дека Светиот Дух ни помага во нашите молитви. Тој му се моли на Бог за нас и ни помага да се молиме на исправен начин. Затоа што Тој живее во нас, може да нѐ раководи да се молиме за вистинските потреби; Тој може да ни помогне пред Бог да дојдеме со вистинска стравопочит и понизност: Тој може да ни помогне да му се довериме на Бог за работите што ги бараме од Него. Голем благослов е Светиот Дух да се моли за нас и да ни помага да се молиме.

Замоли Го да те научи да се молиш на уште подобар начин.

Колку прекрасен Пријател и Помошник имаме во Светиот Дух! Дали му благодариш на Бог за тоа што Тој живее во твоето срце? Дозволи му Тој во твојот живот да ги прави овие убави работи за кои денес разговаравме. Обиди се да не Го навредиш Светиот Дух или да не го ожалостиш со тоа што ќе правиш грешни дела.

Дали Светиот Дух зборува во животите на младите момчиња и девојчиња кои не му се довериле на Исус Христос како на свој Господ и Спасител? Што мислите? Да! Тој ти покажува дека си грешник и сака да те убеди да се вратиш кај Исус. Ако Тој ти зборува, слушај го тоа што ти го вели и дојди денес при Христос! Тој ветува: "Секој кој Го призове Божјото име ќе се спаси." (Римјаните 10:13).

**Прашања за повторување:**

1. Што сакаше да направи Кевин за да ја покаже својата благодарност кон Џек? (Да му ја измие колата).

2. Размислете за три работи кои можете да ги направитеза да ја покажете својата благодарност кон Бог затоа што ве спасил? (Да им бидеме послушни на родителите, да не препишуваме во училиште, да им помагаме на пријателите).

3. Секое христијанско момче или девојче има силен непријател, но и уште посилен Пријател и Помошник. Кои се тие? (Сатаната е непријателот, а Светиот Дух е нашиот Пријател).

4. Кој е Светиот Дух и каде живее Тој? (Тој е Бог и живее во секој христијанин).

5. Кои беа двата начина на кои Сандра покажа дека Светиот Дух ѝ помага да ги запази Божјите заповеди? (Со тоа што престанала да краде од мајка ѝ и ја кажу-вала вистината кога одела да си игра кај другарката).

6. Кога христијанско момче или девојче се сомнева дали навистина е Божјо дете, како Светиот Дух им помага за да се отстранат ти сомневања? (Преку ветувањата во Божјиот збор и начинот на кој Тој ги менува животите).

7. Во кои одлуки Светиот Дух сака да те раководи? (Во сите одлуки - мали и големи).

8. Како нѐ води Тој? (Преку Библијата и преку молитва, преку Божјиот мир во нашите срца и трето преку други христијани).

9. Кои други работи ги прави Светиот Дух во животите на христијаните? (Тоа е она што на крајот

го спомнавме.) (Тој ни помага во нашите молитви).

10. Дали Светиот Дух работи во срцата на неспасените момчиња и девојчиња? Ако да, тогаш како? (Да, Тој им покажува дека тие се грешници и ги убедува да дојдат при Христос).

**Стихови за третата лекција:**

| | |
|---|---|
| Римјаните 8:4 - | "За да се оправда законот во нас, кои живееме не по тело, туку по дух." |
| Римјаните 8:9 - | "Вие живеете не по тело, туку по Дух, само тогаш ако Божјиот Дух живее во вас. Ако, пак, некој нема Христов Дух, тој не е Негов." |
| Римјаните 8:14 - | "Сите оние кои се управуваат по Божјиот Дух се Божји синови." |
| Римјаните 8:16 - | "Самиот Дух му сведочи на нашиот дух, дека ние сме чеда Божји." |
| Римјаните 8:26 - | " Исто така и Духот нè поткрепува во нашите немоќи; бидејќи не знаеме за што да се помолиме, како што треба, туку Духот сам посредува за нас со неискажано воздивнување." |

Ако Бог нѐ оправдал, треба да му ја покажеме нашата љубов и благодарност.

| Дома | На училиште | Со нашите пријатели |
| --- | --- | --- |
| | | |

# Четврта лекција

# Божјиот избран народ

**Библиски текст:** Римјаните 9-11

**Централна вистина:** Божји избран народ денес се сите оние кои веруваат во Господ Исус Христос, без разлика дали се Евреи или припадници на друг народ.

**Примена за неспасените деца:** Побарај од Господ Исус Христос да те спаси.

**Примена за спасените деца:** Заблагодари му на Бог за тоа што те спасил и затоа што сега си дел од Неговиот избран народ.

**Стих за напамет:** "Бидејќи секој кој ќе го призове името Господово ќе се спаси." (Римјаните 10:13)

**Преглед на лекцијата:**

Слика 41:

| | |
|---|---|
| Вовед: | Многу Евреи беа убиени за време на Втората Светска Војна. Евреите беа избрани од Бог преку Неговата милост да бидат Негов избран народ. ЦВ |
| Слика 4-2: | Бог ги избрал Евреите да ја напишат Библијата. |
| Слика 4-3: | Бог ги одбрал Евреите да бидат нација од која ќе дојде Спасителот на светот. |
| Слика 4-4: | Господ Исус Христос дојде да ги спаси Евреите, но и оние кои не се Евреи. ЦВН. Евреите Го одбија Божјиот Спасител и се обидуваа да се спасат преку дела. |
| Слика 4-5: | Градинарот ги калеми гранчињата на дивата маслинка и од нив прави маслинка која ќе дава добри плодови. |
| Слика 4-6: | Ние кои не сме Евреи но сме спасени, сме "накалемени" преку Божјата милост. ЦВС |
| Слика 4-7: | Бог "повторно ги накалемува" Евреите кои ја ставаат својата вера во Господ Исус Христос. |
| Слика 4-8: | Биди му благодарен на Бог и моли се за спасение на Евреите. ЦВС |

**Соодветни активности:**

**а.** Видете го предлогот за молитва на крајот на лекцијата.

**б.** Можете на  им покажете на учениците нешто повеќе за калемењето. Учениците можат да ви помогнат да направите "V" зарез на гранче и да ставите гранче од друго дрво во "V" пресекот. Ако е полесно за вас, може да направите кос засек на гранчето. Потоа спојот меѓу двете гранчиња зацврстете го со парченце платно и конец. ***Забелешка:*** калемењето е голема вештина и можеби вашето ново калемено дрвце нема да расте, но барем на учениците ќе им го покажете принципот како тоа се работи преку оваа практична илустрација.

**Слика 4-1**

Некои од вас кои сте постари, момчиња и девојчиња, сигурно сте читале написи за Втората Светска Војна, или можеби сте гледале емисии на телевизија. Сите војни се ужасни, бидејќи многу храбри луѓе се убиени и на двете страни; исто така се убиваат и жени и деца, кога авионите фрлаат бомби над градовите. Но едно од најгрозните нешта што се случија за време на Втората Светска Војна беше убивањето на многу невини Евреи - мажи и жени, момчиња и девојчиња.

Кои се Евреите? Во претпоследната лекција, јас ви зборував за првиот Евреин што било кога постоел; се викал Авраам. Дали се сеќавате како Бог го повика да го напушти својот град Ур и да му верува на Бог кој што ќе му даде нова земја и големо семејство? Авраам имаше син по име Исак и внук по име Јаков. Јаков имал 12 синови, па така бројот на Евреите почнал сè повеќе да расте. Сега има милиони Евреи кои живеат во многу  земји, но најмногу од нив живеат во земјата која се вика Израел.

Зошто Бог ги избрал Евреите да бидат Негов посебен народ? Тој не ги одбра затоа што беа многубројни: кога Тој ги одбра, беше само еден - Авраам. Тој не ги одбра затоа што беа најдобрите луѓе на светот, или затоа што беа најјаките: Тој ги одбра заради Неговата милост. Затоа во Римјаните 9:15 (нека дете го прочите стихот) пишува: "Ќе го помилувам кого Јас сакам да го помилувам и ќе му се сожалам на оној на кого сакам да му се сожалам." Бог покажува сожалување над оној кого Тој ќе го одбере и е љубезен  со оние  што не го заслужиле тоа. Евреите не заслужиле да бидат избрани од Бог. Авраам, Исак, Јаков и сите нивни деца биле грешни луѓе исто како ти и јас.

**Слика 4-2**

Но Бог имаше посебна задача за Еврејскиот народ. Во Римјаните 3:2 читеме дека ним им биле доверени Божјите зборови. Тоа значи дека тие ќе ја имаат големата одговорност најточно да ги запишат Божјите зборови. Па така, на различни начини Бог им зборувал на одредени Евреи, а тие го запишале

она што Тој им го кажал. На овој начин ние ја добивме сегашната Библија, книга по книга. Мојсеј беше Евреин што слушал што Бог рекол и ги напишал првите пет книги од Библијата. Царот Давид беше Евреин кој ги слушал Божјите зборови и напишал многу од Псалмите. Пророкот Данаил бил Евреин. Матеј, кој што го напишал првото евангелие, бил Евреин. Павле бил Евреин.Треба да сме многу благодарни за еврејските писатели кои со Божја помош го направиле сето ова. Бог ги раководел во она што го пишувале за ние денес да ја имаме оваа драгоцена книга, Библијата, која го содржи она што Бог сака да ни го каже.

**Слика 4-3**

Но Бог има и друга причина зошто ги избрал Евреите (тие понекогаш се нарекуваат "Јудејци"). Тој нив ги одбрал за преку нив да дојде Спасителот на светот. (Замолете едно од децата да прочите Римјаните 9:5): "Од нив се и татковците, од нив по тело е и Христос, кој е Бог над сите, благословен во веки." Илјадници години пред Господ Исус да се роди, Бог ветил дека еден ден Тој ќе испрати Спасител. Дури и пред Авраам да се роди, пред Мојсеј, или Давид, Бог го дал ова ветување. Поминале многу години. Можеби луѓето мислеле дека Спасителот никогаш нема да дојде. Силни непријатели ги напаѓале Евреите и изгледало дека ќе бидат уништени. Но Бог ги заштити, бидејќи Тој избрал тие да бидат народот преку кој ќе дојде Спасителот. На крајот Исус беше роден во Витлеем и лежеше во шталата во јаслите. Дали знаеш дека Исус бил роден во еврејско семејство? Марија, мајката на Господ Исус Христос била Еврејка. Јосиф, на кого му била дадена задачата да се грижи за Исус Христос додека Тој растел, бил Евреин. Всушност и самиот Исус бил Евреин, иако во исто време беше и Божји Син.

**Слика 4-4**

Господ Исус не беше роден за да биде Спасител само за Евреите, но за целиот човечки род. Тој дојде за да спаси луѓе од сите земји во светот. Но тажно е што Евреите не го разбраа и не го прифатија Божјиот прекрасен план за спасение. Вие знаете кој беше планот, нели? Ајде за тоа да прочитаме во Римјаните 10:12,13 (замолете дете да го прочита): "Нема разлика меѓу Јудеец и Елин, зашто еден е ист Господ на сите, богат за сите, кои го призовуваат. Бидејќи, секој, кој го призове името Господово ќе се спаси."

Ние сме спасени кога ќе повикаме кон Господа за да нѐ спаси од нашите гревови. Ние не можеме да се спасиме себе си, но ние му веруваме Нему и бараме Тој да биде наш Господ и Спасител. Само Тој може да ги одземе нашите гревови и да нѐ направи Божји деца.

Дали си повикал кон Господ; дали си побарал Господ да те спаси од твоите гревови? Можеш тоа да го направиш денес. Бог ветува, "Секој кој го призове името Господово ќе се спаси."Повикај го денес.

Ако си го сторил тоа и никому не си му кажал, или ако сакаш да го сториш тоа но не знаеш како, те молам остани на своето место после часот. Ако видам дека си останал на местото јас ќе дојдам да разговарам со тебе за тоа што значи да се повика Господ.

Но Евреите не го прифатија прекрасниот пат за спасение. Ние во Римјаните 9:32 читаме (замолете некое од децата да го прочита стихот): "Затоа што бараа (спасение), не од верата, а од делата на Законот." Тие мислеа дека треба да работат за да дојдат на небото - ако ги запазат сите заповеди, Бог ќе ги прифати. Се разбира дека никој совршено не може да ги исполни Божјите заповеди, па според тоа тие не можат да се спасат на таков начин. Евреите го одбија Господ Исус; се сеќавате како го осудија на смрт на крст. Бог беше многу тажен кога виде како тие го одбија Неговиот Син. Но иако Еврејскиот народ не го прифати Господ Исус, Бог си избра народ што ќе верува во Него и ќе Го сака. Се прашувам кои се тие?

**Слика 4-5**

Во Римјаните Павле го споредува Бог со градинар што бара плодови на своите овошни дрвја. Градинарот имал и маслиново дрво кое требало да дава убави, големи црни маслинки. Римјаните во тоа време ги користеле маслинките за салата или пак од нив правеле маслиново масло кое го користеле за готвење и печење. Па така, маслиновото дрво било многу корисно.

Ова маслиново дрво нѐ потсетува на Божјиот избран народ, на Евреите. Тие му беа многу драгоцени на Бог, исто како што му беше и маслиновото дрво на градинарот. Но маслиновото дрво не даваше добри маслинки, какви што градинарот очекуваше да најде - исто како и Еврејскиот народ што не Му веруваше на Господ Исус Христос како што требаше. Па така градинарот отсече многу од гранките. На ист таков начин и Бог ги ставаше Евреите на страна. Но тогаш градинарот направи чудна работа. Тој отиде во шумата и најде диво маслиново дрво. Тој пресече неколку гранки од дивото маслиново дрво и ги стави на местото каде што беа старите маслинови гранчиња. Тој ги свитка споевите со платно и конец, и наскоро новите маслинови гранчиња почнаа да растат, добивајќи храна преку стеблото и коренот на старото маслиново дрво. Ова се вика "накалемување".

**Слика 4-6**

Што ни кажува Бог преку оваа слика? Кога ги стави Евреите како народ на страна, како што и гранките беа отсечени и фрлени, Тој имаше друг народ, што го одбра да го стави на нивното место. Бог и нив ги одбра поради својата милост; ни тие не заслужуваа да бидат избрани за Божји народ. Кои се тие мажи и жени, момчиња и девојчиња. кои што Бог сега ги избрал да бидат Негов посебен народ? (Нека некое од децата прочита Римјаните 11:19):

"Но ќе речеш: се отцепија гранките за да се прикалемам јас." Посебниот народ сме сите ние кои веруваме во Исус Христос како во наш Господ и Спасител. Јас и ти сме како гранките од дивото маслиново дрво, кои што беа "накалемени" на стеблото, за да станеме дел од неговото посебно дрво. Нема разлика дали си Македонец, Хрват, Србин или Албанец: ако веруваш во Господ Исус Христос, ти си дел од Божјиот посебен народ.

Дали треба да се фалиме со тоа што сме Негови деца (ако сме како гранки на Неговото посебно дрво)? (Нека некое дете прочита од Римјаните 11:18): "Затоа не фали се пред гранките." Не, се разбира не! Ние мораме да разбереме дека не заслуживме Тој да нѐ избере. Ние не заслуживме Господ Исус да умре за нас. Не заслуживме да го чуеме Евангелието. Само преку Божјата милост ние можеме да веруваме во Господ Исус Христос и да бидеме спасени, и на тој начин станавме дел од Божјиот посебен народ.

**Слика 4-7**

Дали ова значи дека Бог сега нема време за Евреите? Се разбира не. Бог сѐ уште сака тие да го запознаат, преку вера во Господ Исус Христос. Ајде да прочитаме во Римјаните 11:23,24 (нека едно од децата го прочита текстот): "Но, тие, ако не останат во неверието, ќе бидат прикалемени, оти Бог е моќен пак да ги прикалеми. Зашто, ако си ти отсечен од природна дива маслинка, и против природата си прикалемен на питома маслинка, тоа тогаш колку полесно оние, природните, ќе бидат прикалемени на својата маслинка." Дали можете да ги разберете овие стихови? Кои се тие "гранки" кои Бог може повторно да ги накалеми на дрвото? Тоа се Евреите, кога ќе поверуваат во Господ Исус Христос. Денес има мисионери кои работат меѓу Евреите, низ целиот свет носејќи им го Евангелието. Тоа е многу тешка работа, затоа што Евреите не сакаат да го прифатат Евангелието и не сакаат да поверуваат дека Господ Исус бил Божји Син, испратен од небото да биде Спасител на Евреите и на целото човештво.

Сепак некои Евреи, штом ќе го чујат Евангелието, поверуваат во Исус Христос. Тие се како маслинови гранчиња кои повторно се накалемени назад на дрвото. Тие се дел од Божјиот избран народ, што се состои од Евреи и луѓе кои не се Евреи. Веруваме дека еден ден, пред Господ Исус да се врати како Цар на славата, многу Евреи ќе поверуваат во Него. Зарем тоа не е прекрасно?

**Слика 4-8**

Што сака Бог ние да направиме за Евреите? Треба да му благодариме на Бог што ги искористил нив за денес да ја имаме Библијата, и што ги направил нација преку која Господ Исус Христос дојде на овој свет. Не треба да ги презираме, но треба да ги сакаме и да ги цениме затоа што тоа Му е угодно на Христос.

Постои уште една многу важна работа која треба да ја направиме. Ајде да прочитаме во Римјаните 10:1 и да видиме што направил апостол Павле и што Бог сака ние да правиме (нека некој го прочита стихот) : "Браќа, желбата на моето срце и мојата молитва кон Бог е Израел да се спаси." Треба од сѐ срце да се молиме тие да се спасат.

Сега кога сме речиси на крајот на лекцијата, јас би замолил четворица од вас кои го љубат Господа да се молат:

1. Заблагодари му на Бог за Евреите што ги искористил нив за ние денес да ја имаме Библијата, и што ги направи нација преку која Господ Исус Христос дојде на овој свет.

2. Заблагодари му на Бог за тоа што тие кои се спасени се избрани да бидат дел од Божјиот посебен народ (како гранки накалемени на маслиново дрво).

3. Моли се за Евреите за повеќе од нив да поверуваат во Господ Исус Христос како нивни Спасител и да се спасат.

4. Моли се за мисионерите кои работат меѓу Евреите, за Бог да им помогне да продолжат да го шират евангелието, дури и кога малкумина сакаат да ги слушаат.

**Прашања за повторување:**

1. Кој беше првиот Евреин? (Авраам)

2. Како се викаше неговиот син и неговиот внук преку кои почна еврејската нација? (Исак и Јаков)

3. Преку Неговата милост, Бог ги избра Евреите да бидат Негов народ. Што значи зборот "милост"? (Сожалување и љубезност кон оние кои не го заслужиле тоа).

4. Бог имаше две посебни задачи за Евреите, неговиот народ. Која беше една од нив? (Да ја напишат Библијата)

5. Која беше другата? (Да бидат нација преку која ќе дојде Спасителот)

6. Кој беше прекрасниот пат за спасение кој многу Евреи го одбија? (Да се спасат преку вера, а не по дела - преку доверба во Исус).

7. Кога Евреите се отстранија од Бог и од Господ Исус, Бог одбра друг посебен народ. Кои се тие? (Сите ние кои веруваме во Исус Христос како во свој Господ и Спасител)
8. Во сликата со маслиновото дрво, кого го претставуваат гранките што беа отсечени? (Евреите кои не веруваа во Исус Христос).
9. После тоа, беа накалемени гранки од диво маслиново дрво . Кого претставуваат тие? (Тие нѐ претставуваат нас кои не сме Евреи, но кои веруваме во Исус Христос)
10. Зошто не треба да се фалиме ако Бог нѐ избрал

да бидеме Негов посебен народ? (Ние не заслуживме Бог да не избере, ниту Исус да умре за нас, некој да ни го донесе евангелието, ниту пак Бог да ни даде вера.)

11. а. Дали Бог завршил со Евреите? (Не)
    б. Што Тој сака тие да направат? (Да поверуваат во Исус Христос).

12. Кое е важното нешто кое ние можеме да го направиме за Евреите? (Да се молиме за нив).

**Стихови за четвртата лекција:**

Римјаните 9:5: "Од нив се и татковците, од нив по тело е и Христос, кој е Бог над сите, благословен во веки."

Римјаните 9:15: "Ќе го помилувам кого Јас сакам да го помилувам и ќе му се сожалам на оној на кого сакам да му се сожалам."

Римјаните 9:32: "Зошто? Затоа што бараа (спасение), не од верата, а од делата на Законот. Оти се сопнаа од каменот за сопнување."

Римјаните 10:1: "Браќа, желбата на моето срце и мојата молитва кон Бог е Израел да се спаси."

Римјаните 10:12,13: "Нема разлика меѓу Јудеец и Елин, зашто еден е ист Господ на сите, богат за сите, кои го призовуваат. Бидејќи, секој, кој Го призове името Господово ќе се спаси."

Римјаните 11:18: "Затоа не фали се пред гранките."

Римјаните 11:19: "Но ќе речеш: се отцепија гранките за да се прикалемам јас."

Римјаните 11:23,24: "Но, тие, ако не останат во неверието, ќе бидат прикалемени, оти Бог е моќен пак да ги прикалеми. Зашто, ако си ти отсечен од природна дива маслинка, и против природата си прикалемен на питома маслинка, тоа тогаш колку полесно оние, природните, ќе бидат прикалемени на својата маслинка."

# Петта лекција

# Христовото тело

**Библиски текст:** Римјаните 12:1-13

**Дополнителни текстови:** Колосјаните 1:18,19; Ефесјаните 4:7-16; 1 Коринтјаните 12:1-31

**Централна вистина:** Секој христијанин, како дел од Христовото тело, има некој дар(ови) со кои може да Му служи на Бог и на другите.

**Примена за спасените деца:** Заблагодари Му на Бог за дар(овите) кои ти ги дал. Потполно предај му се за да те користи според своја волја. Прашај го што сака да правиш.

**Стих за напамет:** "Па така и ние сме едно тело во Христа." (Римјаните 12:5)

**Преглед на лекцијата:**

Вовед: Да ги чуваме нашите тела здрави.

Слика 5-1: Атлетот - нашето тело е прекрасно создадено од Бог. Секој верник е дел од Христовото тело, црквата (Римјаните 12:4,5). ЦВ

Слика 5-2: Главата го контролира телото, го управува и му наредува. Главата на телото кое е црквата е Христос (Колосјаните 1:18).
Тој ги води, управува и им наредува на верниците, најмногу преку Својот збор.

Слика 5-3: Секој дел од телото има посебни можности и одговорности.
Бог ти дал некои посебни способности и некоја посебна работа која треба да ја направиш. ЦВ.

Слика 5-4: Дарот на "поучување" (Римјаните 12:7).
Дарот на "евангелизирање". (Римјаните 4:11) ЦВС

Слика 5-5: Дарот на "служење" (Римјаните 12:7).
Дарот на "управување" (Римјаните 12:8).
Дарот на "давање" (Римјаните 12:8)

Слика 5-6: Примерот за Г-дин Ли Торни поврзан со дарот на давање.

Слика 5-7: И децата христијани имаат дарови - Г-дин Ор разговара со Филип, Бети и Марко.
Дарот на "поттикнување" или

охрабрување (Римјаните 12:8).
Дарот на "милосрдност" (Римјаните 12:8).
Дарот на "вера" (1 Коринтјаните 12:9).

Слика 5-8: Бог сака да му се предадеме како жива жртва (Римјаните 12:1) ЦВС
Бог не сака да сме горделиви (Римјаните 12:3).
Прашај го Бог што сака ти да правиш. ЦВС.

**Соодветни активности:**

**Песна** која ќе одговара на лекцијата

**Игра:** (Користете ја во почетокот на лекцијата за да ги опушти децата додека преку неа го давате воведот.) Од хартија или од слики исечете 2 "тела" - глави, 2 очи, 2 уши, уста, тело, 2 раце и две нозе. Групата е поделена на два тима, од кои секој член има по еден дел од телото. Секој, по ред, станува и со врзани очи се обидува на таблата да го закачи, со игла, делот на телото кој го има во рацете. Тимот кој што ќе го направи најдоброто тело е победникот. Никој не смее да зборува или да го води детето кое се обидува да го намести делот од телото. Исто така детето кое има врзани очи не смее со рака да допира по веќе ставените делови на телото за да го намести оној што го има во рацете.

**Време за молитва** (после лекцијата): Одберете три деца христијани кои ќе ја водат групата во молитва за следните работи:

- заблагодари Му на Бог што секој од нас е важен во Христовото тело;
- заблагодари Му на Бог што Тој на секој христијанин му дава одредена работа и можност истата да ја изврши;
- замоли Го Бог да ни помогне малку по малку да откриеме која е работата и кои се даровите кои ги имаме за да можеме да бидеме користени од Него и од другите.

**Прашања за повторување:** (Прашањата се дадени на крајот на лекцијата.)
Поделете ја групата на две екипи; секоја од нив треба да има капитен. Капитенот добива парче хартија и молив. Кажете им дека сакате да го нацртаат вашето лице (може да биде и смешно). Секогаш кога дете точно ќе одговори на некое од прашањата, капитенот на соодветниот тим, доцртува дела на лицето - глава, очи, нос, уста учи. Оној тим кој што прв ќе го доврши лицето е победник.

**Вовед**

Момчиња и девојчиња, ве прашувам, со каков спорт се занимавате? Фудбал? Кошарка? Тенис? Пливање? Прекрасно! Зошто е важно да се занимаваме со спорт? Да, постојат повеќе причини. Една од нив е за да ги одржуваме нашите тела здрави и во добра кондиција.

**Слика 5-1**

Дали некогаш сте гледале познат атлетичар? Го гледате како трча до целта; сите зглобови совршено работат - лакти, колена, раменици и врат; сите мускули си ја вршат работата за да ги помрднат екстремитетите - рацете и нозете. Нашите тела се прекрасно создадени од Бог: Мозокот го раководи целото тело; срцето ја пумпа крвта низ сите вени и артерии; секој дел на телото е корисен и потребен.

Да видиме дали ќе можете да ги разберете овие два стиха од Римјаните 12 (замолете некое дете да прочита од Римјаните 12:4-5): "Оти како што во едно тело имаме многу органи, но сите членови не вршат една иста работа, па така и ние сме едно тело во Христа, а посебно еден на друг сме му органи." Што значи ова? Бог овде ни вели дека оние што Го сакаат Господ Исус си одговараат еден на друг во совршено тело. Тоа не е тело кое можеме да го видиме, но е невидливо тело создадено од сите вистински христијани. Ова тело се нарекува Црква. Ова не се однесува на зградата од тули и малтер каде што во недела одите на богослужба. Црквата за која Библијата зборува е направена од луѓе, а не од тули. Секој верник во Исус Христос, секој вистински христијанин, е дел од тоа прекрасно тело. Можеби ти си како прст што го покажува патот, или како уво што слуша, или како јазик што зборува или како стапало што трча.

**Слика 5-2**

Главата е најважниот дел од телото. Тоа е местотот каде што е сместен мозокот. На пример, кога сакаме да одиме да се прошетаме, мозокот ги дава наредбите: тој им кажува на мускулите на нашите нозе и на грбот да го исправат нашето тело; му кажува на срцето посилно да пумпа, бидејќи ни е потребно повеќе енергија; им кажува на белите дробови да дишат подлабоко и да примаат повеќе кислород; им вели на очите да не водат таму каде што сакаме да одиме.

Што мислите кој е глава на Црквата? Павле во една друга книга ни пишува нешто што Бог го водел да го напише (прочитајте од Колосјаните 1:18): "И Тој е глава на телото, односно на Црквата." На кого се однесува ова што Павле го напишал? Да, на Господ Исус.

Тој е глава на телото, Црквата; Тој е оној Кој контролира, води и дава наредби. Каква збрка би настанала во нашите тела, ако немавме мозок да планира и води; можеби нозете ќе одлучеа дека се уморни и дека сакаат да седнат, но стапалата ќе сакаат да одат да се прошетаат; или очите ќе сакаат да се затворат за малку да се одморат, додека рацете сакаат да играат кошарка!

Затоа е важно секој верник, како дел од големото тело, Црквата, да му биде покорен на Господ Исус. Додека слушаме како во црквата се поучува од

Библијата или во неделнотот училиште или додека од Библијата сами за себе ги читаме Неговите зборови, тогаш Главата на телото ни зборува, исто како што и нашиот мозок ги води деловите на нашето физичко тело. Како член на Христовото тело, важно е да му бидеш покорен на Господ Исус Христос и во пракса да го спроведеш тоа што Тој го вели.

Ако никогаш не си му се доверил на Господ Исус како на свој личен Спасител, ти не му припаѓаш. Ти не си дел од Неговото тело. Ти сè уште си надвор од Христос. Всушност ти си далеку од Него. Ти си изгубен во својот грев. Но Тој те бара. Тој толку многу те сака што умре за твоите гревови. Денес ако Му веруваш со целото свое срце и ако дојдеш до Него, Тој ќе те прими. Тој вети дека ќе те прими. Во Јован 6:37 Тој вели: "Кој доаѓа при Мене, нема да го исбркам надвор." Дојди сега при Христос.

**Слика 5-3**

Ако Христос е Главата на тоа тело и ако секој новороден е Негов член , тогаш е важно за нас да работиме заедно за нашиот Господ. Секој е потребен, бидејќи сите имаме различна задача што треба да ја завршиме (повторно прочитајте од Римјаните 12:5): "Па така и ние сме едно тело во Христа, а посебно еден на друг сме му органи." Ние сите имаме посебни способности или дарови, што Бог ни ги дал, исто како и деловите на телото. Ајде повторно да размислиме што прават деловите на нашето тело. На пример кои се посебните способности кои Бог му ги дал на окото, а кои увото ги нема? Да, тоа може да гледа. Што може да направи носот, што твојата рака не може да го направи? Може да помириса. Што може да направи твојата рака, што увото не може да го направи? Може да фати и да држи различни работи. Гледате, секој дел на телото е важен. Ние не можеме нормално да живееме без ни еден од нив. Дури и оние кои се внатре во нас, кои што не можеме да ги видиме, како на пример нашиот црн дроб или белите дробови, се многу важни.

Дали знаеш дека како христијанин ти си многу, многу важен за Бог? И потребен си ни нам кои сме делови на тоа тело. Ние не можеме без тебе, зашто Бог ти дал некои посебни способности и посебна задача. Каква работа има за тебе? Бог му кажал на Павле да ги запише работите на кои Тој мислел; нив можеме да ги најдеме во Римјаните 12 (Нека едно од децата прочита 12:6-8). Ние немаме време да размислуваме за сите, но ајде да разгледаме неколку:

**Слика 5-4**

На пример, спомнати се тие кои **поучуваат**. Дали знаете дека Бог на некои христијани им дал посебна способност да поучуваат други од Библијата? Сите христијани можат да го споделуваат со други тоа што Библијата го вели, но за Црквата да расте како што треба, Бог знаел дека ќе има потреба од луѓе кои ќе го имаат дарот на поучување. Тие се пастори, учители во неделно училиште, итн., кои преку Божјиот дар можат на посебен начин да го разберат Божјиот збор: тогаш тие тоа им го објаснуваат на верниците на начин со кој што ќе им помогнат на верниците да растат во својот христијански живот. Колку е добар Бог ако за нас се грижи на ваков начин. Дали си му заблагодарил што испратил луѓе со дарот на поучување за да ти помогнат?

На друго место Павле напишал за дарот на **евангелизација** (Ефесјаните 4:11). Сите христијани треба да ја носат Радосната Вест за Исус Христос до другите кои сè уште не се спасени. Но некои верници се посебно надарени од Бог да ја објаснат Радосната Вест, за луѓето да дојдат при Христос. На пример, Библијата зборува за Филип, евангелизаторот (Дела 28:8). Бог него го користеше во Самарија за многумина да донесе при Христос и да го доведе човекот од Етиопија до Спасителот во пустината (види Дела 8).

Дали се радуваш што Бог во својата Црква дал луѓе со овој посебен дар?

**Слика 5-5**

Павле исто така ги спомнува и оние кои **служат** (Римјаните 12:7). Христијаните треба да им помагаат на другите - на сиромашните, на болните, на вдовиците и на сираците. Оние кои го имаат овој дар се посебно љубезни и се грижат. Тие се трудат црквата да се грижи за тие во потреба. Библијата на пример, ни зборува за еден човек по име Стефанин, кој што себеси се дал за да им служи на други христијани (1 Коринтјаните 16:15-18).

Павле пишува за тоа колку овој човек му помогнал. Ова е важен дар и можеби некој од вас го добил од Бог. Можеби ти веќе тој свој дар го користиш во полза на нашите состаноци, со тоа што помагаш да се наредат столчињата, пазиш фланелографот да е на местото каде што треба да биде, ги редиш и местиш песнарките. Тоа е супер. Продолжи да го правиш тоа. Можеби целиот свој живот ќе им бидеш помошник на оние кои работат за Господа.

Исто така има потреба и од оние кои ги **раководат** службите, кои што имаат посебна задача во организирање на активностите на Црквата. За овој дар читаме во Римјаните 12:8. Зарем не е прекрасно како Бог се погрижил за сите потреби што Неговата Црква ги има?

Во Римјаните 12:8, Бог ги спомнува и оние кои **даваат.** Секој христијанин треба да му даде на Господа, но некои како навистина да сакаат да даваат; тоа е посебна способност која што Бог им ја дал.

**Слика 5-6**

Г-дин Ли Торни беше човек што живееше во Америка. Тој правеше големи булдожери и машини за изградба на патишта. Дали некогаш си видел таква машина на патот? Г-динот Ли Торни Го сакаше

Бог и кога ќе продадеше некоја од машините тој дел од парите Му даваше на Бог. Бог го благослови и тој почна да продава сè повеќе и повеќе машини. Па така тој стана многу богат, но продолжи во исто време и да дава повеќе пари за Божјата работа, на мисионери и проповедници во неговата земја, но и во други земји. Верувам дека Бог му даде посебна способност да заработува и исто така и желба во срцето да дава за Бог. Се разбира дека Бог сака сите да даваме за Неговата работа, но ние не можеме да дадеме толку многу како што можел г-дин Ли Торни. Бог му дал голема способност како деловен човек и посебен начин како да им помага на други христијани преку неговите великодушни дарови. Тој навистина беше корисен член во Христовото тело, бидејќи го користеше дарот што Бог му го беше дал.

Но можеби си мислиш: "Тоа е добро за постарите христијани, но какви посебни способности или дарови можам јас да имам? Знам дека сум христијанин, но не сум сигурен што можам да направам за да му помогнам на Божјото дело." Ќе ви раскажам една случка за двајца браќа и за нивната сестра кои се соочиле со истиот проблем. Постарото момче се викало Филип; името на сестрата било Бети, а помалиот брат на девет годишна возраст, се викал Марко. Тие во библискиот камп слушнале дека сите христијани имаат посебни дарови од Бог но не знаеле кои дарови Бог ним им ги дал. Па така, едно попладне, одлучиле да разговараат со г-дин Ивановски, кој што бил еден од советниците во кампот и од него да побараат помош.

**Слика 5-7**

Г-дин Ивановски рече: "Прашањето за нашите способности и дарови е прашање за кое секој треба да размислува. Треба да Го замолиме Бог да ни ги покаже нашите способности и да ни помогне да ги користиме за да Му служиме Нему и на другите делови на телото; но сепак би сакал да ви предложам нешто."

"Те набљудував тебе, Филипе откако стана христијанин, пред две години. Ти си сега дванаесет години, нели? Мислам дека гледам нешто што Бог ти дал да направиш. Во Римјаните 12:8 Бог ни зборува за дарот на **"охрабрување"**.

Тоа е голем збор, но навистина значи "да се поттикнат другите на цврст но пријателски начин". Сум те видел како охрабруваш други. На пример, пред некој ден, кога некои од момчињата не сакаа да го остават фудбалот за да одат на библиски поуки, те чув како ги охрабруваш да влезат. Тогаш кога некои од нив беа мрзливи и не сакаа да го научат библискиот стих, забележав како им даде добар пример и им помогна да го научат. Мислам дека Бети и Марко исто така можат да се сетат на моменти кога не сакале да го пишуваат домашното, но ти се молеше со нив и бараше Бог да им помогне да го завршат. И тие го направија тоа. Мислам дека ти веројатно го имаш дарот на поттикнување или охрабрување. Продолжи да работиш во тој правец и Бог навистина ќе ти помогне да го развиеш тој дар."

Филип срамежливо се насмевна, но Бети и Марко можеа да видат дека му беше драго што веројатно ја има таа посебна способност која Бог му ја дал. Тој беше охрабрувач во Христовото тело.

"А што е со нас?", завикаа Бети и Марко.

"Па," рече г-дин Ивановски, "вие сте помлади и немавте толку време за да ги покажете вашите дарови; но знам дека Бог сигурно ви дал некои. Во истиот стих, во Римјаните 12:8, зборува за дарот на **"милосрдност"**. Дали се сеќавате дека читавме за Срна во Библијата (Дела 9:36-43)? Таа направила многу милосрдни дела кон другите во Јопа. Бети, се прашувам, дали ти го имаш тој дар? Тоа значи да се биде многу љубезен и подготвен да опростиш, особено кон луѓе што не го заслужуваат тоа. Пред некој ден кога Ана беше толку злобна кон тебе, после натпреварот во одбојка и почна да те нарекува со различни имиња, ми беше драго што не почна да се караш со неа. Ти беше тажна, но сепак остана љубезна кон неа кога никој друг не сакаше да и биде пријател. Тоа им помогна на другите девојчиња, а посебно на Ана. Можно е Бог да ти го дал дарот да бидеш особено љубезна и полна со љубов, дури и кон луѓе кои не се љубезни кон тебе. Тоа е нешто што Бог може да го искористи на прекрасен начин за да му помогне на целото Христово тело."

"А јас?" се јави Марко, кој што беше две години помлад од Бети.

"Па, Марко, има еден дар кој што се уште не сме го спомнале. Во една друга книга што ја напишал Павле, тој го спомнува дарот на **"вера"** (1 Коринтјаните 12:9). Тоа значи да му веруваш на Бог дури и кога не можеш да ги видиш резултатите. Вчера, за време на молитвениот час, те слушнав како посебно се молиш за мисионерот во Западна Африка. Знам дека веруваш дека Бог може да му помогне да го научи новиот јазик. Добро е што сакаш луѓето таму да го чујат евангелието на свој јазик.

Ме потсетуваш на Стефан, кој беше човек од вера. Тој се молеше за оние што го каменуваа (Дела 6:8; 7:60). Бог одговори на неговата молитва и го спаси Савле од Тарс, еден од оние кои сакаа да го убијат Стефана. Можеби целиот твој живот ќе бидеш човек на вера, како Стефан."

Трите деца се насмевнуваа додека продолжија да си играат. Тие навистина сакаа да бидат активни членови на телото, и да ја извршуваат работата што Бог ја одбрал за нив.

**Слика 5-8**

Но што Бог сакаше Филип, Бети и Марко сега да прават? А уште поважно е што Тој сака јас и ти да правиме? Ајде да го прочитаме првиот стих од Римјаните 12 (читај Римјаните 12:1): "...подајте ги

телата ваши во жртва жива...на Бог." Тоа значи дека Бог сака Нему да му го понудиме сето она што го имаме и што сме, за Тој да може да го користи. Дали забележавте дека пишува "**жива жртва**", а не мртва. Тој те сака жив за да живееш за Него и да Му служиш затоа што Го сакаш.

Христијански момчиња и девојчиња, дали Го сакате? Кога мислите на сето она што Господ Исус Христос Го поднесе за вас на крстот за да ви даде вечен живот, дали тоа придонесува да Го сакате и да сакате да Му угодите? Ако е така, тогаш можете тоа да Му Го искажете со вакква молитва: "Господе Ти благодарам што Ти припаѓам. Сакам да Ти служам на начин кој ти ќе го одбереш за мене. Помогни ми да Ти бидам послушен Тебе, Кој си Глава на телото. Сакам да бидам како око и да ги видам потребите на другите, или како уста, да зборувам за Тебе, или како стапало кое оди по Твојот пат. Амин."

Уште една работа. Бог преку Павле ни вели (читај Римјаните 12:3): "Не мислете за себеси повеќе ... туку мислете скромно." Бог не сака да бидеме горделиви. Бог сака повеќе да се интересираме за Него и за тоа што Тој сака да го правиме, отколку да размислуваме за тоа какви посебни дарови имаме. Големите Божји мажи и жени се молеле: "Господе, што сакаш да направиме?" "Господе, овде сум, испрати ме мене." Ова е подобро отколку да прашаш: "Господе, за што ме бидува?" Наша посебна желба е да ја извршуваме Божјата волја и да Му оддадеме чест на неговото Име, повеќе отколку да размислуваме за самите себе. Заблагодари Му на Бог што ти дал некоја посебна способност, или можеби повеќе од една. Прашај Го што Тој сака ти да правиш како дел од Неговото тело. Неговите дарови ќе ти помогнат да го направиш тоа. Па затоа биди Му послушен; развивај ги и користи ги способностите што Бог ти ги дал.

**Прашања за повторување:**

1. Кој го сочинува големото тело, Црквата? (Сите кои веруваат во Исус Христос, секој вистински христијанин.)

2. Кој е Главата на телото, Црквата? (Господ Исус Христос).
3. Што прави главата? (Таа раководи, управува и наредува)

4. Што прават другите делови на телото? (Тие ги следат упатствата на главата.)

5. Како Господ Исус Христос, Главата на Црквата, ни ги дава своите наредби на нас кои сме делови на Неговото тело? (Преку Неговиот збор.)
6. Што секој христијанин, како дел од Христовото тело, добива? (Некој дар или посебна способност - можеби повеќе од еден.)

7. Кажи два посебни дара што Бог им ги дал на христијаните за да можат да му служат.

8. Кажи други два посебни дара.

9. Како се викаше човекот кој живеел во Америка и имал посебна способност да заработува пари и да му ги даде на Господа? (Г-дин Ли Торни)

10. Што Бог бара од нас , пред сè, да направиме за да ја знаеме и да ја извршуваме Неговата волја? (Да Му ги предадеме Нему нашите тела како жива жртва)

**Стихови за петтата лекција:**

Римјаните 12:1: "Браќа, во името на милоста Божја, ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога и тоа нека биде ваша духовна служба."

Римјаните 12:3: "Зашто преку благодатта што ми е мене дадена, на секого од вас му кажувам: не мислете за себеси повеќе, отколку што треба да мислите; туку мислете скромно според верата, каква што Бог на секого му ја одмерил."

Римјаните 12:4: "Оти, како што во едно тело имаме многу органи, но сите членови не вршат една иста работа."

Римјаните 12:5: "Па така и ние сме едно тело во Христа, а посебно еден на друг сме му органи."

Римјаните 12:6-8: "Според дадената милост имаме разни дарови: ако е до пророштво, тогаш пророкувај според верата; служба ли, служи; учител ли си - учи; наставник ли си - утешувај; дарител ли, дарувај; управител ли си, управувај; милост ли имаш- биди милостив.

Колосјаните 1:18: "И Тој е глава на телото, односно на Црквата; Тој е почеток, првороден меѓу мртвите за да има првенство во сè."

# Шеста лекција

# Колкав е нашиот долг

**Библиски текстови:** Римјаните 1:14-16; Римјаните 13,14,15.

**Централна вистина:** Како христијани ние многу му должиме на Бог и да другите.

**Примена за спасените деца:** Љуби Го и биди Му послушен на Бог во секоја ситуација.
Почитувај ги и покорувај им се на авторитетите.
Биди внимателен и дај им добар пример на послабите христијани.
Донеси им го евангелието на неспасените.

**Стих за напамет:** "Не должете никому ништо освен да се сакате еден друг." (Римјаните 13:8)

**Преглед на лекцијата:**

Слика 6-1: Примерот со Сандра која ѝ должи 12 денари на Павлина.
Сите верници се должници, кои нешто им должат на другите. ЦВ.

Слика 6-2: На Бог Му ја должиме нашата љубов и послушност, поради Неговата милост и добрина кон нас (Римјаните 14:7-9). ЦВС.

Слика 6-3: На некои власти им должиме почит и покорност (Римјаните 13:1,5). ЦВС.
Случката со Сузана и за плаќањето царина.
Квиз прашања.

Слика 6-4: Разказот за Никола и почитта кон полицијата.
Квиз прашања.

Слика 6-5: Расказот за хулиганите и за телефонската говорница.
Квиз прашања.

Слика 6-6: Секому му должиме љубов и пријателство (Римјаните 13:8).
Примери. ЦВС.

Слика 6-7: На послабите христијани им должиме внимание и добри примери за да не ги предизвикаме да се сопнат (Римјаните 14:13; 15:1-3а). ЦВС.
Расказот за Јован и Борче и за видео игрите.
Квиз прашања.

Слика 6-8: На неспасените им го должиме Евангелието, кај нас и во светот (Римјаните 1:14,15а; 15:19,20). ЦВС.
Предизвик да се биде во служба.

**Соодветни активности:**

Во лекцијата се вклучени многу дискусии; прашањата за повторување се во склоп на самата лекција, па затоа на крајот нема додатни прашања за повторување.

**Драма:** Продолжете со подготвување на драмата "Одлуката на судијата", што ќе ја изведувате на следниот состанок.

**Глума:** Неколкумина од групате со ваша помош нека одглумат еден од следните примери дадени во лекцијата:
- Сцената на царинарницата, само овој пат Сузана искрено ја кажува вредноста на стоката (видетете го коментарот за слика 6-3);
- Или полицаец кој запира некого заради лошо возење. (видете ги квиз прашањата, после коментарот на слика 6-4).

**Поуки за неспасените деца во вашата група**

Бидејќи оваа лекција се однесува на живеењето христијански живот, се користи за спасени деца. Би било добро во почетокот на програмата да вклучите нешто за неспасените деца. Тие треба да го слушнат Евангелието јасно објаснето. На пример, накратко можете да ја споделите со нив пораката на "Книгата без зборови", поврзувајќи ја со Римјаните.

Објаснете дека во Римјаните 13, Павле ја објаснува нашата голема потреба од спасение која е претставена со црната страница.

Во 4,5 глава Павле објаснува како Исус умрел за нашите гревови (црвената страница). Немаше ништо што ние сами можеме да направиме за да се спасиме себе си, па затоа Господ Исус умре и воскресна поради нашите гревови, за да имаме опростување (белата страница) кога ќе се завртиме од нашите зли дела и поверуваме во Него.

Објаснете дека денешната лекција се однесува на зелената страница - раст во христијанскиот живот; но предизвикајте ги неспасените деца дека имаат потреба да го примат тој живот пред да почнат да растат.

Или наместо да ја користите "Книгата без зборови" можете да им дадете една кратка евангелизациона лекција. Било како, потрудете се да ги одвоите двата дела на поучување со тоа што ќе имате некоја песна или време за повторување. (Лекцијата што се однесува на неспасените мора да биде првата што ќе ја предавате, а лекцијата "Колку должиме" подоцна).

**Слика 6-1**

Во сабота наутро, Сандра и нејзината пријателка Павлина, отидоа да купуваат. Тие уживаа да ги разгледуваат продавниците. Двете девојчиња видоа

убави картички што многу им се допаднаа и решија да ги купат. Но тогаш Сандра забележа дека нема доволно пари, бидејќи веќе си беше купила ново ремче за часовникот. Ѝ недостигаа 12 денари.

"Не грижи се," рече Павлина, "ќе ти позајмам. Во понеделник ќе ми ги вратиш." "Во ред," се согласи Сандра, "дома имам пари." Ѝ олесни што нејзината пријателка ќе ѝ помогне. За време на викендот таа си размислуваше: "Треба да ѝ ги вратам парите на Павлина. Не смеам да заборавам. Не сакам да мора да ми ги бара."

Дали некогаш сте му должеле пари на некој пријател? Можеби да и се разбира знаете дека морате да ги вратите што побрзо. Бог во Римјаните нѐ учи дека сите ние кои сме Го примиле Господ Исус во нашите животи на некој начин сме должници. Тоа значи дека нешто им должиме на другите. Можеби ова ве изненадува. Се разбира дека овој пат не зборувам за пари. Дозволете ми да ви објаснам.

**Слика 6-2**

Пред сѐ должни сме Му на Бог. Тој ни дал толку многу. Дали можеш да се сетиш на некои од прекрасните работи кои Бог ни ги дал и кои можеме секојдневно да ги видиме? (Нека децата дадат одговор; можеби ќе кажат: родителите, семејството, играчките, храната, здравјето, Библијата, убавината на природата, итн.) Да, така е.

Ајде, сега, да размислуваме за некои прекрасни благослови кои Бог ни ги дал, а не можеме да ги видиме со нашите човечки очи. (Нека децата дадат одговор; можеби ќе кажат: Христос умре за нас, опростување на гревовите, вечен живот, сигурност дека ќе одиме во небо, Светиот Дух Кој живее во нас, Господ Исус кој се моли за нас, итн.) Да, овие се добри одговори.

Никогаш не можеме да ги платиме благословите кои Бог ни ги дал. Неговата љубов и љубезност кон нас се толку големи што никогаш не можеме да Му платиме за сѐ што ни дал. Но можеме **нешто** да Му дадеме на Бог, за да Му покажеме дека навистина ја цениме Неговата добрина кон нас. Што му должиме на Бог?

Му ја должиме нашата љубов и послушност. (Едно од децата нека прочита од Римјаните 14:7-9). Павле напишал: "Бидејќи Христос затоа и умре и воскресна и оживе, за **да господари** и над мртвите и над живите." Што значи Христос да биде Господ? Да, тоа значи дека треба во сѐ да Му бидеме послушни. Бог сака да му бидеш послушен затоа што Го сакаш, а не само затоа што мораш. Секој ден кажувај Му дека Го сакаш и дека сакаш да ги правиш исправните работи. Тој ќе ти помогне да научиш што е исправно додека ја читаш Библијата и додека слушаш како други поучуваат од неа. Ќе сакаш да Му бидеш послушен затоа што Тој е твој Господ.

**Слика 6-3**

Но, ние сме им должни и на другите. Ајде да прочитаме два стиха и да видиме дали можеме да ги спроведеме (некој нека прочита од Римјаните 13:1,5): "Секоја душа да им се потчинува на претпоставените власти. Затоа треба да се покорувате и тоа не само поради страв, туку и поради својата совест." Што мислите кои се тие "претпоставени власти"? Тоа се авторитетите во нашиот град и нашата држава, кои што ги поставуваат законите и од нас очекуваат да ги почитуваме. Бог нѐ учи дека треба да им се потчинуваме; тоа значи дека сме под нив и мораме да им бидеме покорни. Дозволете ми да ви раскажам три кратки случки. Ќе треба внимателно да слушате, бидејќи на крајот на секоја од нив ќе имаме квиз прашања. Заедно ќе разгледуваме дали луѓето во случките им биле покорни на авторитетите, како што Бог рекол дека треба да бидат, или пак не биле.

**Прва случка**

Сузана и Марија тукушто се беа вратиле во училиште после летниот распуст. Тие чекаа во училишниот двор пред да влезат за часовите. Сузана ѝ кажуваше на Марија за прекрасниот одмор во странство, на кој што била со своето семејство.

"Ни беше прекрасно," рече Сузана. "Отидовме со авион, и додека бевме таму купивме многу убав видео плеер. Таму се многу поевтини отколку овде. Кога се враќавме назад, на аеродромот, дали знаеш што направивме? Кога дојдовме на царина (каде што треба да кажеш ако си купил нешто вредно додека си бил во странство), не поминавме преку црвената врата како што требаше да направиме. Цариникот ќе ни побараше да платиме царина затоа што го внесувавме видео плеерот. Не, туку се провлековме преку зелената врата, каде што одиш ако не си купил ништо вредно и немаш што да пријавиш. Никој не нѐ застана и го добивме видео плеерот 100 марки поевтино, затоа што не плативме царина." (Учители, дајте соодветни имиња, стока која е увезена, монетарна единица итн. за да одговара според ситуацијата во вашата земја).

Сега ајде да одиме на нашите квиз прашања и накратко да размислиме за нашата прва случка:

1. На кои авторитети (претпоставени власти) родителите на Сузана не им се покориле? (На цариниците).

2. Зошто е погрешно да се направи тоа? (Бидејќи Бог во Римјаните 13 вели дека треба да им се покоруваме).

3. Што треба христијанско семејство да прави на царина? (Да ја пријаво вредната стока и ако е потребно да плати царина).

## Слика 6-4

### Втора случка

Интересно е да се одговара на прашањата, нели?

Никола бил кај тетка му за викендот и отишол да се прошета низ градот. Кога дошол до аголот на главната улица видел нешто застрашувачко. Имало многу луѓе и момчиња кои марширале по улицата и носеле знамиња и транспаренти. Се обидувале да влезат во една голема зграда, но полицијата не им дозволувала да поминат. Одеднаш луѓето почнале да фрлаат камења и шишиња, кршејќи прозорци и правејќи штета во зградата. Тие исто така фрлале камења врз полицајците и викале по нив, нарекувајќи ги свињи и животни. Полицајците ги подигнале штитниците и почнале да одат кон луѓето за да ги истуркаат на страна. Но толпата ги нападнала и ги клоцала. Еден полицаец бил тешко повреден. Никола се насмеал во себе и си рекол: "Така и му требаше кога сакаше да ги запре."

Сега ајде да размислиме за квиз прашања за оваа случка:

1. На кои авторитети (претпоставени власти) мажите и момчињата не им биле покорни? (Полицијата)

2. Зошто е погрешно да се направи тоа? (Бидејќи Бог во Римјаните 13 вели дека треба да им се покоруваме; вели дека тие  што нè тераат да ги почитуваме законите се поставени од Бог.)

3. Дали мислите дека полицајците понекогаш грешат? (Да, се разбира, но без оглед на тоа ние треба да им бидеме покорни.)

4. Дали мислите дека полицајците имаат лесна или тешка работа? Зошто? (Тоа е тешка работа, особено во денешно време).

5. За кои други непријатни работи се грижи полицијата? (Децата веројатно ќе спомнат фаќање криминалци и дека се грижат за возачите да ги исполнуваат правилата. Вие треба да почнете да зборувате за тоа дека казнување луѓе заради пребрзо возење, возење во пијана состојба, погрешно паркирање, итн. е непријатна работа за полицајците, но тоа е нивната должност за да ја зачуваат безбедноста и сигурноста на сите корисници на патиштата.)

6. Ако Никола бил христијанин, како  би требало да се однесува? (Требаше да му биде жал за полицаецот, кој бил повреден и не требало да му се смее; би било добро да се предупредат децата да стојат подалеку од немири).

7. Што ѝ должиме на полицијата? (Нашата почит и нашите молитви).

## Слика 6-5

### Трета случка

Една вечер четири млади момчиња, откако се стемни, појдоа да се шетаат по улиците. Тие навистина немаа што да прават, па се прашуваа како ќе им помине времето. "Јас знам," рече Славе, "ајде да вадиме пари од телефонските говорници."  Тргнаа кон првата телефонска говорница. Славе извади голема одвртка која ја носеше во џебот кој му беше на ногавицата и почна да го турка во пукнатината на телефонскиот апарат. Тој го удираше и го тресеше сè додека не истресе седум денари од малиот метален отвор. "Зарем, тоа е сè?" Тој извика навредено; и додека неговите пријатели го гледаа тој ја скина жицата на телефонот. Тогаш четво-рицата почнаа да ја клоцаат вратата и ја скршија, оставајќи парчиња стакло на тротоарот. "Ајде да се обидеме кај другиот телефон, можеби ќе добиеме повеќе," рече Славе, водачот на групата, додека продолжија по улицата. Додека одеа ги кршеа малите дрвца што неодамна беа засадени покрај патот.

Сега, ајде да се обидеме да ги одговориме квиз прашањата во врска со оваа случка.

1. На кои авторитети (претпоставени власти) овие млади луѓе не им се покориле? (На телефонската компанија која од нас бара да платиме кога го користиме телефонот, исто и на градскиот совет кој ги засадил дрвцата и од нас бара да не го уништуваме државниот имот).

2. Зошто е погрешно да се направи тоа? (Бидејќи Бог во Римјаните 13 вели дека треба да им се покоруваме на авторитетите).

3. Овие млади луѓе ја ограбуваа телефонската компанија. Дали можеш да се сетиш на некои други авторитети кои луѓето се обидуваат да ги измамат? (Железничкиот и градскиот сообраќај, кога не плаќаме карта; државните власти кога не плаќаме дозвола за чување куче, за ТВ итн).

## Слика 6-6

Ние сме им "должни" на другите. На Бог Му должиме љубов и послушност; на властите им должиме почит и послушност. Во Римјаните читаме уште нешто друго (некој нека прочита од Римјаните 13:8): "Не должете никому ништо освен да се сакате еден со друг." Дали разбираш што вели овде Бог? Тој вели дека на секого му должиме љубов и пријателство.

Дали Бог очекува да бидеме љубезни и пријателски расположени кон секого? Да, очекува! Тој вели дека тоа им го должиме. Не секогаш е лесно, нели? Лесно е да ги сакаме оние кои се љубезни кон нас; но што е со оние кои не се љубезни кон нас? Бог ни вели и нив да ги сакаме.

Не е секогаш лесно да се биде љубезен и пријателски расположен кон некој кој штотуку дошол во твојата група. Тој не е еден од твоите пријатели и не сакаш да се потрудиш да бидеш љубезен кон него. Не секогаш е лесно да се биде љубезен кон некој со поинаква боја на кожата или е од друга националност, но Бог сака ти да го направиш тоа. Ако си христијанин треба да бидеш еден од првите кои ќе му посакаат добредојде на новиот ученик во групата. Ајде да размислиме! Како ти би му покажал на некого дека е добредојден во твојата група?

(Можни одговори: да ужинате заедно, да си играте, да го поканиш дома или на забава, заедно да пишувате домашно, покажи му го училиштето, објасни му ги правилата).

Понекогаш е тешко да се биде љубезен и добар кон некој кој е подобар од тебе и кој добива подобри оценки од тебе. Чувствуваш љубомора и завист, но Бог ни вели дека на секого му должиме пријателство и љубов. Како можеш да го надминеш чувството на љубомора?

(Можни одговори: признај ја твојата љубомора пред Бог и замоли го Тој да ја одземе затоа што е грев; моли се за другата личност; барај начин да му покажеш љубезност и да му честиташ на добрите оцени; побарај од него да ти помогне, ако може, околу предметот во кој е подобар од тебе).

Замоли го Бог да те направи љубезен кон секого. Запомни дека Светиот Дух живее во тебе за да ти помогне да Му угодиш на Бог. Ќе забележиш дека кога си Му послушен на Бог, ќе стекнеш нови пријатели.

**Слика 6-7**

Можеби си христијанин веќе подолго време - една година или уште подолго. Има многу луѓе кои те набљудуваат со голем интерес за да видат како ќе се однесуваш како христијанин. Неспасените луѓе те набљудуваат, а исто и сам Бог те набљудува со голема љубов. Меѓутоа, јас посебно мислам на христијански момчиња и девојчиња кои не го познаваат Бог толку долго и на оние кои немале толку библиски поуки како вас, дома и во неделното училиште. (Некој нека прочита во Римјаните 14:13).

Бог ни вели да внимаваме "на брата си да не му поставувате сопка или соблазан". Дали добро го разбравте ова? Треба да внимаваме што правиме и што зборуваме, и да не предизвикаме друг христијанин да погреши. На пример, Павле им кажал на христијаните од Рим, дека ако го јадат месото од животно кое било жртвувано пред пагански бог, тоа може да предизвика послабиот христијанин да се збуни и сопне. Се разбира дека тоа месо е исто како секое друго, но преку нивното јадење на тоа месо, послабиот христијанин може да помисли дека е во ред да се обожаваат идоли. Па така постарите христијани, треба да избегнуваат такво месо. Денес ние не го имаме тој проблем, но дозволете ми да ви дадам друг пример. На крајот на случката ќе имаме квиз прашања.

Јован беше добро момче, христијанин. Тој се обрати во еден камп пред три години, на осумгодишна возраст. Добро напредуваше во христијанскиот живот додека дома ја читаше Библијата и додека учеше од Божјиот Збор во неделното училиште. Добро напредуваше и во училишните задачи. Но секој ден после училиште одеше на едно место во градот каде што имаа видео игри. Тој си играше на машините половина час пред да почне да го пишува домашното.

Еден ден Борче го виде Јован како оди да игра видео игри. Борче имаше осум години и само што го беше прифатил Исус Христос, пред две недели. Тој не беше многу добар ученик. Но кога го виде Јован како оди на местото каде што беа видео игрите, си помисли: "Па, ако Јован кој е толку добар христијанин, може да го прави тоа, можам и јас." Па така Борче почна да оди таму секој ден; но не можеше да остане само кратко време како Јован. Секој ден таму поминуваше по час и половина. Поради тоа тој имаше проблеми со родителите. Тој исто така мораше и набрзина да пишува домашно и често домашното не беше како што треба; поради тоа што имаше малку време, и затоа што не секогаш се согласуваше со своите родители, тој престана да ја чита Библијата и да се моли, како што требаше.

Сега, квиз прашањата:

1. Дали Јован треба да продолжи да игра видео игри, иако ужива во тоа и не му штети?

(Нека одговараат децата. Би било добро некое од нив на крај да прочита од Римјаните 14:13 и некој друг да прочита во Римјаните 15:1,2,3а: "Ние силните, должни сме, да ги поднесуваме немоќите на слабите, и да не угодуваме на себе си: секој од вас должен е на својот ближен да му угодува во доброто за поука. Оти и Христос не угоди на себе си." Зарем тоа не нè учи дека Јован треба да се откаже од нешто кое тој го сака, за добро на Борче?)

2. Дали ќе му биде тешко на Јован да се откаже од своите видео игри попладне? (Да, ќе му биде, но Бог ќе му помогне.)

3. Како ќе се чувствува кога ќе се откаже од видео игрите? (Веројатно ќе биде тажен, но во исто време Бог ќе му помогне да се чувствува навистина радосен што можел на Борче да му помогне на ваков начин. Бог секогаш на некој начин ни надополнува, ако го правиме тоа што е исправно.)

4. Дали можете да се сетите на нешто друго што постар христијанин го прави и што му се допаѓа, но нешто со кое може да престане ако тоа стане проблем или соблазан за послаб христијанин? (Учителе, ова е многу тешко прашање и можеби нема да добиете одговор. Тие можат да предложат работи

како гледање ТВ, слушање рок музика, и читање стрипови.)

**Слика 6-8**

Во првата глава од посланието до Римјаните Павле ги напишал следниве зборови (некој нека прочита од Римјаните 1:14,15а): "Задолжен сум кон Грците и варварите, кон мудрите и кон неразумните; подготвен сум и вам да ви го проповедам Евангелието." Како што Павле се приближува кон крајот на своето писмо, тој пишува нешто друго (некој нека прочита од Римјаните 15:19,20): "Се погрижив да го проповедам Евангелието не таму каде што името Христово веќе беше извесно." Павле вели дека должен им е на неспасените да им го даде Евангелието. Тој беше подготвен да оди на места каде што луѓето никогаш не го чуле Христовото име. Тој копнеел да се обратат преку Евангелието и да примат вечен живот. Тој знаел дека е должен да им го даде Евангелието на неспасените. Дали ти и јас се чувствуваме така? Тоа е како Сандра која постојано размислувала: "Ѝ должам пари на Павлина." Дали некогаш размислуваш: "Должен сум да му го дадам Евангелието на мојот другар од училиште; должен сум да им го дадам Евангелието на луѓето во мојата улица"? Дали се обидуваш да ги поканиш во неделно училиште за да го чујат Евангелието? Дали некогаш си им дал трактат? Дали се молиш за нив, за и тие да Го запознаат Исус?

Се надевам дека денес, додека размислувавме што им должиме на другите, ќе размисувате за тоа дека им го должиме Евангелието на неспасените - на пријателите од овде и од други земји. Можно е еден ден Бог да те повука да бидеш мисионер во туѓа земја, како Павле. Тој можеби ќе ти покаже дека сака да го проповедаш Евангелието "таму каде Христос не беше извесен" - на луѓе кои не го знаат и не го сакаат името Исус. Размисли за тоа и барај Бог да ти ја покаже Неговата волја за твојот живот. Каква привлиегија е тоа да им се однесе Евангелието на луѓето од други земји што имаат голема потреба од него.

**Стихови за шестата лекција:**

Римјаните 1:14,15а: "Задолжен сум на Грците и Варварите, кон мудрите и кон неразумните; подготвен сум и вам да ви го проповедам евангелието."

Римајните 13:1,5: "Секоја душа да им се потчинува на претпоставените власти зашто нема власт, што не е дадена од Бог. Затоа треба да се покорувате и тоа не само поради страв од казна, туку и поради совеста своја."

Римјаните 13:8: "Не должете никому ништо освен да се сакате еден со друг; зашто оној, што го љуби ближниот, го исполнува законот."

Римјаните 14:7-9: "Зашто никој од нас не живее за себе си и никој не умира за себе си; туку, живееме ли - за Господа живееме, умираме ли - за Господа умираме; според тоа - живееме ли, умираме ли - Господови сме. Бидејќи Христос затоа и умре и воскресна и оживе, за да господари и над мртвите и над живите."

Римјаните 14:13: "Затоа, пак, да не судиме еден на друг, а подобро судете за тоа - на брата си да не му поставувате препка или соблазан."

Римјаните 15:1,2,3а: "Ние силните, должни сме, да ги поднесуваме немоќите на слабите, и да не угодуваме на себе си: секој од вас должен е на својот ближен да му угодува во доброто за поука. Оти и Христос не угоди на Себе Си."

Римјаните 15:19,20; "Со силата на знаци и чуда, со силата на Божјиот Дух, така што Благовестието Христово го распространив од Ерусалим и неговата околина дури до Илирик. И така, се погрижив да го проповедам евангелието не таму каде што името Христово веќе беше извесно, за да не ѕидам врз туѓ темел."

## Драма
# Пресудата на судијата

Оваа куса драма е базирана на кратката илустрација за Џек и Кевин, што беше користена во првите три лекции во серијата за посланието до Римјаните. Има четири кратки сцени. Напишана е за девет глумци и наратор, но може да се адаптира, на пример: наместо двајца полицајци, може да има еден или три; може да се има повеќе од еден извршител на казната; други деца би можеле да бидат гледачи за време на судењето, или сведоци, итн.

Децата сакаат да глумат, па нема да им биде тешко да го запомнат текстот. Драмата може да се користи:

1. Како дел од посебна програма на која ќе ги поканите родителите - за да ги запознаете и за на нив да им го претставите Евангелието на интересен начин. Ако нивното дете има улога во драмата, голема е возможноста дека и родителите ќе дојдат да ја гледаат претставата.

2. Како посебна лекција од оваа серија (може да се изведува на седмата недела). Најдобриот начин е децата да го научат текстот и да се облечат на едноставен, но прикладен начин во согласност со нивната улога. Се разбира ова вклучува време да се научи драмата и да се проба. Ќе ви требаат и неколку додатни реквизити - синџири, маса, пиштол, телефон, каса, лисици, торба, неколку банкноти, итн.

Ако немате време за децата да ја научат драмата напамет, тие можат да ги читаат улогите, но се разбира, тоа не е толку интересно и возбудливо за оние кои слушаат и за оние кои учествуваат.

Потрудете се кога ќе ги одбирате улогите Мери да биде христијанка, па кога на крајот ќе го дава своето сведоштво, тоа треба да звучи вистинито.

**Сцена 1:** (Две момчиња седат и учат.)

Кевин: Џек, ајде да одиме надвор да играме фудбал. Доста ми е од учење.

Џек: Извини Кевин, но едноставно не можам вечерва. Имам испит следната седмица и сè уште имам многу за повторување. Но кажи им на момците да сметаат на мене за натпреварот во недела. Тоа не смеам да го пропуштам!

Кевин: Ах, ти и твоето учење! Премногу се трудиш! Јас сакам да уживам. Што е важно дали ќе го положиш испитот? Има и полесен начин како да се преживее отколку да се работи, знаеш! Ако не можеш сам да заработиш доволно, не значи дека не можеш да се послужиш со парите на оние кои имаат изобилно.

Џек: О, Кевин немој никогаш да земаш од други. Тоа не е исправно. Ако започнеш така, може многу лошо да се заврши.

Кевин: Немој да се грижиш за мене, можам јас да се грижам сам за себе! (Двете момчиња излегуваат)

Наратор: Години поминаа после овој разговор. Џек се трудеше, ги положи испитите и стана познат судија. Но Кевин продолжи по погрешниот пат. Тој работеше колку што е можно помалку. Го напушти училиштето пред да го заврши. Тој не можеше да остане на исто работно место подолго време зашто лошо се однесуваше. Тогаш се здружи со една улична банда. Со нив почна да краде и да има проблеми со полицијата.

**Сцена 2:** (Г-дин Тод е покрај масата, со телефон и каса до него. Две госпоѓи се на страна и разгледуваат некои картички. Кевин влегува, става најлон-чорап преку својата глава и го вади пиштолот.)

Наратор: Сцената се одигрува во мала пошта, која е дел од продавницата на г-дин Тод.

Кевин: Ова е грабеж. Предај ми ги сите пари или ќе те убијам.

Г-дин Тод: Нема лесно да се извлечеш! Сепак имам само малку пари, од пензиите на некои старци.

Кевин: Сакам сè што имаш. Стави ги и вредносните писма, исто така. Вие две г-ѓи застанете до ѕидот и подигнете ги рацете.

Г-дин Тод: Немој да ги повредиш госпоѓите! Земи сè. Не сакам никој да биде убиен заради пари.

Кевин: Овде, стави ги во торбата. (Тој бега)

Г-дин Тод: (Го подига телефонот) Ало! Дали е тоа полициската станица? Овде е г-дин Тод, од малата пошта. Имаше грабеж кај мене. Дали можете веднаш да дојдете? ... Во ред! Ќе почекаме.

(Двајца полицајца втрчуваат внатре)

I полицаец: Г-дин Тод, со колку пари избега крадецот?

Г-дин Тод: Нешто повеќе од 500 фунти, и неколку вредносни писма.

II полицаец: Дали го препознавте?

Г-дин Тод: Не, но една од госпоѓите му го виде лицето кога влегуваше во продавницата.

Г-ѓа Стјуард: Да. Го видов пред да го стави чорапот на глава. Ме потсети на едно момче кое одеше на училиште со мојот најстар син, со Мајк.

I полицаец: Ако најдеме слики од учениците кои учеле со вашиот син, дали мислите дека ќе го препознаете?

Г-ѓа Стјуард: Да.

**Сцена 3:** Судница

Наратор: Преку училишната фотографија, Кевин беше идетификуван. Полицијата ги најде вредносните писма и дел од парите во неговата соба. Кевин беше однесен во полициската станица и после некое време го донесоа пред суд, поради насилство и грабеж.

(Судијата Џек, влегува и седнува. Кевин влегува, во придружба на двајца полицајци.)

Кевин: (Погледнува нагоре и си вели): Не ми се верува. Тоа е брат ми Џек. Се прашувам дали ме препозна. Дали ќе ми попушти затоа што ми е брат? Мислам дека нема да може, бидејќи е судија.

Судијата Џек: (Погледнува и зачуден си вели самиот на себе) Не е можно! Тоа е Кевин, брат ми. Ова е ужасно! Се плашев дека еден ден ќе има проблеми со законот.

Судска Случајот пред нас се однесува на грабеж, што се случил во понеделник, 11 март, околу 9:30 часот претпладне, во малата пошта. Обвинетиот Кевин Метјус е присутен.

Судијата Џек: Нека пристапи сведокот. Кажете му на судот што видовте дека се случи утрото на 11 март, во малата пошта.

Г-ѓа Стјуард: Овој човек влезе во поштата. Стави најлон-чорап врз глава, но пред тоа можев да го видам неговото лице. Дојде до г-дин Тод и му нареди да му даде се што има во касата. Тој го направи тоа.

I полицаец: Г-ѓа Стјуард го препозна обвинетиот како ученик кој учел со нејзиниот син и подоцна го идетификува како крадец, кога пред неа ги доведовме сите сомнителни лица.

II полицаец: Кога влеговме во домот на обвинетиот, со налог за претрес, најдовме 230 фунти во банкноти и уште нешто ситни пари, кои беа скриени во кутија заедно со вредносните писма.

Судијата Џек: Дали обвинетиот има да каже нешто во своја одбрана?

Кевин: Ништо, чесен суде. Ова ми е прв пат да сум изведен пред суд.

Судијата Џек: (Гласно размислувајќи) Што да правам? Дали да му дозволам да си оди слободен затоа што ми е брат? Не, не можам да го сторам тоа. Јас сум судија и морам да бидам фер и праведен. Морам да ги казнам престапниците. (Се обрнува кон Кевин) Те прогласувам виновен. Те казнувам 500 фунти или затвор во времетраење од 5 месеци.

Г-ѓа Стјуард: Судијата е навистина строг, иако овој му е брат.

Кевин: 500 фунти! Не можам да платам толку пари. Морам да одам во затвор.

(Џек слегува од своето место и оди до судската секретарка.)

Судијата Џек: Го осудив човекот со парична казна од 500 фунти и сега јас ќе ја платам наместо него. (Џек го вади паричникот и на секретарката и дава 500 фунти.)

Кевин: Не ми се верува! Имаше право да ме казни, но сега тој ја плати мојата казна.

Судијата Џек: Ослободете го обвинетиот! (Кевин е ослободен и почнува да оди кон излезот)

Г-дин Тод: Еј, не можеш едноставно да си одиш од овде. Не си ја платил казната.

Кевин: Слободен сум. Брат ми, судијата, ја плати казната наместо мене, не можеш да ме натераш повторно да ја платам.

**Сцена 4:** (Маса и столици од двете страни)

Наратор: Сцената се случува таа вечер во куќата на Џек.

(Кевин тропа на врата)

Џек: (отварајќи ја вратата) Влези, Кевин. Драго ми е што можеше да дојдеш на вечера.

Кевин: (Седнувајќи) Долго време помина откако сме биле заедно.

Џек: (Седнувајќи) Да добро е да поразговараме. Беше шок за мене да те видам денес на суд.

Кевин: Џек, благодарен сум ти што ја плати казната наместо мене. Знам дека ја заслужив, но немаше да можам да ја платам.

Џек: Па, Кевин како судија морав да бидам сигурен дека ќе бидеш казнет за твојот престап. Но јас сум ти брат и сакав да ти ја покажам мојата љубов со тоа што ја платив казната.

Кевин: Ти благодарам. Од сега, па натаму сакам да живеам на начин што нема да те посрами.

Џек: Сакам само најдобро за тебе.

Кевин: Џек, никогаш нема да можам да ти се оддолжам, но можеби ќе може понекогаш да доаѓам кај тебе да ти ја измијам колата или да ти го средам дворот. Дали ќе ми дозволиш да го направам тоа?

Џек: Тоа би било убаво од тебе. Но знаеш дека јас не платив наместо тебе за ти да ми вратиш. Знаш, брат си ми. Ајде да јадеме, па ќе позборуваме и за тоа.

**Сцена 5:** (Двете г-ѓи седат една наспроти друга.)

Наратор: Последната сцена се случува после неколку дена во домот на некој сосед кој слушнал колку бил добар Џек кон својот брат.

Џени: Зарем не беше прекрасно тоа што судијата го направи за брат му Кевин? Мери, мислам дека тоа е љубезно од него.

Мери: Да, Џени, навистина беше. Ме натера да размислувам за она што го слушнав минатата недела во црква. Свештеникот зборуваше за оправдување.

Џени: Мери, што е тоа оправдување? И што има тоа врска со кевин и со судијата?

Мери: Па, Библијата нѐ учи дека сите на некој начин сме како Кевин. Сите, се разбира не сме ги направиле истите погрешки. Но сите сме погрешиле кон Бог со нашата себичност, со тоа што не секогаш ја кажуваме вистината и затоа што не сме им послушни на Божјите заповеди.

Џени: Да тоа е вистина. Но барем не сме одведени пред суд и обвинети за криминал.

Мери: Па, на некој начин, Бог е како судија; Тој е секогаш фер и добар, но во исто време Тој нѐ сака. Кога Бог големиот судија над целиот свет гледа на нас, Тој сите нѐ прогласува виновни за прекршување на Неговите заповеди и дека казната за нашите гревови е смрт.

Џени: Тоа е како судијата Џек кој што го прогласи Кевин виновен. Нели? Но дали Бог го направи тоа што го направи Џек, дали ја плати казната за нас?

Мери: Да, Тој направи и многу повеќе. Тој Го прати Својот Единствен Син да умре за нас. Господ Исус за нас не плати со пари, туку ја пролеа Својата крв за од нас да ја одземе смртната казна што ја заслужувавме.

Џени: Но каква врска има тоа со оправдувањето?

Мери: Оправдување значи дека Бог сега нас не прогласува " за невини и исправни пред законот." Свештеникот во неделата читаше од посланието до Римјаните, дека ние сме оправдани преку Неговата крв.

Џени: Сега разбирам зошто случката со Кевин и судијата те потсети на проповедта за оправдувањето.

Мери: Да, Џени, во посланието до Римјаните има уште еден стих кој вели дека сме оправдани преку вера. Тоа значи дека ако веруваме во Исус Христос како во Господ и наш Спаси-

тел, тогаш сме слободни и не треба да страдаме заради нашите гревови.

Цени: Мери, тоа е прекрасно.

Мери: Да, навистина е. Јас пред неколку години го замолив Христос да стане мој Спасител и сега знам дека сум слободна од казната за гревот; јас нема вечно да бидам одвоена од Бог.

Цени: Претпоставувам дека се чувствуваш како Кевин, откако Џек ја плати казната наместо него?

Мери: Токму така, Цени. Јас сум толку благодарна што Бог Го даде својот Син за мене, и што ме прогласи невина. Јас сакам Тој да знае дека Го сакам и дека сакам да живеам за Исус.

Цени: Навистина ме натера да размислувам. Би сакала и јас да знам дека пред Бог сум прогласена невина. Дали можеме утре да поразговараме за ова? Сега треба да одам и да купам некои работи од продавница.

Мери: Се разбира, Цени. Дојди кога сакаш и ќе поразговараме. Ќе ме радува ако можам да ти објаснам сè и да се молам за тебе.

## Улоги:

| | |
|---|---|
| Џек: | 13 пати |
| Кевин: | 15 пати |
| Наратор:<br>(може да биде девојче) | 5 пати |
| Г-дин Тод: | 6 пати |
| Г-ѓа Стујард: | 4 пати |
| Првиот полицаец: | 3 пати |
| Вториот полицаец: | 2 пати |
| Судската секретарка:<br>(девојче) | 1 пат |
| Цени: | 9 пати |
| Мери: | 9 пати |